СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 1996 година

Скопје, декември 1996 година

**ПЕДЕСЕТ И ШЕСТА (56) СЕДНИЦА (I ПРОДОЛЖНИЕ) НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 25.XII.1996 Г.**

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 15
2. АРСОВСКИ БРАНКО 16, 40, 50, б5, 83, 124
3. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ 56
4 .ВАНГЕЛОВ АТАНАС 17
5 ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН 129
6. ЗИБЕРИ НАСЕР (министер) 134, 143, 145, 147
7. ИВАНОВ ЉУБИСАВ 27
8. КОЦЕВСКИ АЦЕ 18, 74
9. КОТЛАР МАРЈАН 73
10. КАРОВ ЗВОНКО 117, 118
11. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 89, 91, 92
12. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ 48, 66
13. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД 113
14. МИНОВ ПАНЧО 139
15. НИКОЛОВ ЈОВАН 12, 23, 77
16. НАЧЕВСКИ МАРЈАН 37, 58
17. НАУМОВСКИ ВАНЕ 46
18. НАСОТОСКИ ДИМЧЕ 77
19. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 100
20. ПЕТК0ВСКИ ТИТО (4а води седницата)
21. ПОПОВСКИ НИКОЛА 19
22. ПРУСИ АБДУРАУФ 38, 42
23. ПАВЛОВ БОРИС 55
24. ПЕЦОВ МИРКО 141, 144
25. РАМАДАНИ ХИСЕН 45
26. РАМАДАНИ ИСМЕТ 47, 69
27. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 4, 25, 30, 63, 110, 111, 115, 131, 145, 147, 149, 150
28.СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 39
29. СТ0ААНОВСКИ НАЌЕ 42
30. СТАНК0ВСКИ ВЛАДИМИР 57
31. СПИРОВСКИ ИГОР (го чита списокот) 59, 78
32. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО 73
33. СТОЈАНОВСКА СЛАВЈАНКА (заменик министер) 89
34. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО 104
35. ТРАЈКОВ МИЛЧО 14
36. ТАНТАРОВ ВЕЉО 40, 44, 54, 55 ,85, 86, 127
37. ТРАЈКОВ РИСТО 53
38. ФИТИ ТАКИ (министер за финансии) 4

претрес по текстот на Буџетот стр.1

| | |
|---|---|
| Т.2-стр.88; | Т.3-стр.93; |
| Т.4-стр.95; | Т.5-стр.97; |
| Т.6-стр.106; | Т.7-стр.106; |
| Т.8-стр.107; | Т.9-стр.112; |
| Т.10-стр.117; | Т.11-стр.121; |
| Т.12-стр.130; | Т.13-стр.132; |
| Т.14-стр.134; | Т.15-стр.148; |
| Т.16-стр.151; | Т.17и18-стр.153; |
| Т.19-стр.155; | Т.20и21-стр.156; |
| Т.22-стр.157; | Т.23и24-стр.158; |
| Т.25-стр.159; | Т.26и27-стр.160; |
| Т.28и29-стр.161; | Т.30и31-стр.162; |
| Т.32-стр.163; | |

К Р А Ј Н А С Е Д Н И Ц А Т А !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 1996 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петков- ски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитар Поповски и Владимир Станковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Отворам претрес по текстот на Буџетот на Република Македонија за 1997 година.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 3, Раздел 150.20ставка 401 потставка 401021 и на Разделот 150.01 ставка 443 потставка 443085 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман на член 3 Раздел 150.20 ставка 441 потставка 441236, Раздел 090.02 ставка 471 потставка 471046 и на Разделот 100.02 ставка 444 потставка 444057 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ристо Трајков поднесе амандман на член 3 РаздеЈ 140.01 ставка 426 потставка 426083 и на Раздел 150.01 ставка 443 потставка 443093 по кои Владата не се произнела.

I/2.- СС-ВБ

ЗПК поднесе амандмани на член 3 Раздел 150.20 потставка 443034 и на Раздел 350 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 3 Раздел 01010.01 ставка 402, потставка 402010 и на Разделот 01010.01 ставка 427, потставка 427144 со кои се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Буџетот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман ан член 3 Раздел 020.01 ставка 427 за заменување на потставката 427039 со две нови потставки, член 3 Раздел 020.01 I Тековни трошоци по потставката 401021 за додавање нова потставка 401056 и Раздел 040-02 I Тековни трошоци потставка 401056, член 3 Раздел 020.01 Тековни трошоци потставка 420018, Раздел 020.091 и Тековни трошоци потставка 420034 Раздел 040.01 и Тековни трошоци потставка 420069, Раздел 260.01 Тековни трошоци потставка 441104, член 3 Раздел 020.01 Тековни трошоци потставка 422045, Раздел 040.02 Тековни трошоци потставка 423017, член 3 Раздел 020.01 потставка 427063, Раздел 040.02 потставка 423190, член 3 Раздел 020.01 потставка 427098, Раздел 040.02 потставка 423190, член 3 Раздел 020.01 потставка 463019, Раздел 040.02 потставка 463019,потставка 464090, потставка 468096, член 3 Раздел 020.01 потставка 463027, Раздел 040.02 потставка 468096 и на член 3 Раздел 020.01 потставка 468010, Раздел 040.04 потставка 444138, Раздел 120.01 потставка 426016 и на Разделот 280.01 потставка 467014 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јован Николов, Милчо Трајков и Пецо Стојановски поднесоа амандман на член 3 Раздел 040.02 ставка 463 потставка 463019 Раздел 120.01 ставка 472, потставка 472026, Раздел 140 ставка 467 потставка 467057, Раздел 120.01 во ставка 472 за внесување нова потставка 472026 по која Владата не се произнела.

I/3.-

Пратениците Андурауф Пруси, Ризван Сулејмани и Назми Маљичи поднесоа амандман на член 3 Раздел 090.02 ставка 485 потставка 485021 и Раздел 280.01 ставка 467, потставка 467014 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Марјан Начевски, Иван Бојков, Владе Давитковски Драган Митевски, Никола Р. Поповски, Димче Настоски и Благој Стефановски поднесоа амандман ан член 3 Раздел 090.02 ставка 471 потставка 471046 и Раздел 160.20 ставка 427 потставка 427136 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 2 во билансот на трошоците ставка 402 член 3 Раздел 100.02 ставка 444 потставка 444057 и Разделот 100.02 член 3 Раздел 090.02 ставка 444 потставка 444065 и на ставка 444 потставка 444154 и на член 3 Раздел 140.1 ставка 444 потставка 444014 и потставка 444030, член 3 Раздел 090.2 ставка 471 потставка 471046 и на член 3 Раздел 280.01 ставка 467 потставка 467014 и на Разделите 090.02, 140.01 и 280.01 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ризван Сулејмани поднесе амандман на член 3 Раздел 040.02 потставка 463019, ставка 464, ставка 468, потставка 468096, Раздел 280.01 категорија И-Капитални трошоци потставка 467014 и на Разделите 040.02 и 280.01 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Назми Маљичи поднесе амандман на член 3 Раздел 120.01 ставка 426 потставка 426016, ставка 472 потставка 472026 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ризван Сулејмани поднесе амандман на член 3 Раздел 090.02 ставка 471 потставка 471046, Раздел 090.02 ставка 471 Капитални трансфери категорија II капитални трошоци и на Раздел 120.01 ставка 472 потставка 472026 категорија IIкапитални трошоци и во поткатегорија 47 капитални трансфери ставка 472, капитални тарнсфе по кои Владата не се произнела.

Пртениците Мевљан Таири и Исмет Рамадани поднесоа амандман на член 3 Раздел 160.01 по потставките 463027 се додава ставка 467, Раздел 060.01 ставка 424 потставка 424030, Раздел 080.01 ставка 462 потставка 463019, Раздел 170.01 ставка 463 потставка 463027, Раздел 210.01 ставка 464 потставка' 464090, член 3 Раздел 180.01 ставка 441 потставките 441139, Раздел 040.02 ставка 463 потставка 463019, Раздел 050.01 ставка 423 потставка 423106, Раздел 070.01 ставка 467 потставка 467030, Раздел 130.02 ставка 463 потставка 463019 и на член 3 Раздел 120.01 ставка 472 потставка 472026 и на Раздел 060.01 ставка 423 потставка 423017 и ставка 424 потставка 424013 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 3 Раздел 150.10 ставка 443 потставка 443077 и Раздел 150.01 ставка 443 потставка 443026 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во Билансот на трошоците ставка 402 и на член 3 Раздел 100.02 ставка 444 потставка 444057 и Раздел 100.02 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г.дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Овој амандман се однесува на оној фамозен додаток за користење годишен одмор популарниот К-15 кој што веќе подолго време, не знам од кои причини го исфрламе од Буџетот. Многу почитуваниот

министер кој, не е тука присутен, при Ребалансот на Буџетот за 1995 година и при проекциите на Буџетот за 1996 година го отфрли овој амандман со образложение дека исплатата по тој основ не е можна, бидејќи е веќе надмината и меѓународните финансиски институции не се согласуваат понатаму да има ваква исплата.

Јас, во моето образложение пред точно една година упатував на една апсурдност дека една голема категорија граѓани го обесправуваме со тоа што овој надоместок и понатаму се исплаќа, се разбира ка сите оние кои имаат средства за тоа и јас дадов еден многу убав прим на една нелогичност. На пример, во едно општинско собрание според тогашните називи, некои луѓе може да добијат К-15, тоа се оние кои директно се алиментираат од Буџетот на општината или од денешната локална самоуправа, исто така се буџетски корисници, а граѓаните вработени во подрачните единици на министерствата кои работат во истата зграда, во истиот објект и претставуваат на некој начин, нели неминовност во извршување на функциите не ја добија оваа накнада.

Сето тоа на некој начин ќе можевме да го проголтаме кога пред месец дена и нешто повеќе го добивме овој надомест ретроактивно за 1995 година.

Е па, ако можевме да добиеме надокнада ретроактивно, зошто да не предвидиме ваква можност со тоа што може да биде дискутабилно кога ќе биде исплата на овој надомест. Да не оставаме на произволни толкувања, да не оставаме да не можеме да дадеме воопшто толкувања зошто сега примивме ретроактивно накнада по исти основ дури за 1995 година. Мислам дека оваа накнада треба да влезе во Буџетот, затоа што Буџетот е една променлива категорија. Мислам дека ова ќе значи и одреден стимуланс за категоријата вработени во сите оние дејности кои оваа надокнада, ако не ја предвидиме, ќе немаат ниту теоретска можност да ја добијат по легален пат. Можеби ќе бидеме изненадени, ако има

некои вонредни активности во идната година па можеби повторно ќе исплаќаме нешто за кое ќе немаме убедливо образложение ниту пак ќе бидат објаснети изворите на приходи за една таква исплата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (не бара)

Го заклучувам претресот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 020.01 ставка 427 за менување на потставката 427039 со две нови потставки поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г.дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Не може да се прифати амандманот бидејќи треба нова позиција за тоа односно потставка во Буџетот да се издвојува иако не се работи за барање на плус средства. Меѓутоа, ние парите ги праќаме до Државната комисија и таа треба да ги достави до сите други корисници.

Амандманот не се прифаќа.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Молам, дали некој бара збор? (не бара)

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

I/7.-

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 020.01 тековни трошоци во потставката 401021 за додавање нова потставка 401056 и Раздел 040.02 тековни трошоци потставка 401056 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г.дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Бидејќи станува збор за прекувремена работа, таа категорија не може да биде во вакви надоместоци, не можеме амандманот да го прифатиме. А таму каде во Буџетот има тоа, тоа е врзано со Службата на возачите итн. што е заедничка и ги опслужува сите и таа си е на таа позиција каде што треба да биде. Не може сега во Собрание сега да има таква позиција.

Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (не бара)

Го заклучувам претресот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 020.01, прво тековни трошоци потставка 420018, Раздел 020.091 тековни трошоци потставка 420034, Раздел 040.01 Тековни трошоци потставка 420069, Раздел 260.01 Тековни трошоци потставка 441104 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г.дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (не бара)

Го заклучувам претресот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 020.01 Тековни трошоци во потставката 422045, Раздел 040.02 Тековни трошоци потставка 423017 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г.дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (не бара)

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 020.01 потставка 427063 и на Раздел 040.02 потставка 423190 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г.дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (не бара)

Го заклучувам претресот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 020.01 потставка 427098, Раздел 040.02 потставка 423190 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г.дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Се работи за сосема мала ставка и ако има потреба тука или Владата од резервата ќе интервенира или се решава со Министерството за надворешни работи, за евентуално ново членување во меѓународни организации.

Според тоа, амандманот не се прифаќа.

II/1.-РД/0М

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение):

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 0 2001 потставка 463 , 019 раздел 04002, поставка 463019, поставка 464090, потставка 468096, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

ТАКИ ФИТИ:

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 0 2 001, потставка 463027, раздел 04002, потставка 468096, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа, меѓутоа, проблемот се решава преку Министерството за наука кој што опслужува проблемите врзани за

информационият систем за сите други органи и организации .

**ТАКИ ФИТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 02001, потставка 468010, раздел 04004, потставка 4401138, раздел 12001. потставка 426016 и на раздел 28001, потставка 467014, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Значи се определивме да седиме во истата сала и со иста опрема.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 04002, ставка 463, потставка 463019, раздел 12001, ставка 472, потставка 472026,

раздел 140, ставка 467, потставка 467057, раздел 12001, ставка 472 за внесуваше нова потставка 472026, поднесен од пратениците Јован Николов, Милчо Трајков и Пецо Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Молам, кој бара збор?

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Амандманот е поднесен во функција за обезбедување на минимални средства од Буџетот за продолжување на градбата на Лисичкиот систем.

Вие поголемиот дел од Вас знаете уште во првиот состав на Собранието кога беше поднесен закон за гаранција на државата дека ќе продолжи да се гради Лисичкиот систем, тој закон го донесовте па на интервенција беше симнат , на прегласување беше поинаква Одлука донесена и законот не се донесе.

Во тоа време Собранието донесе еден заклучок со што ја обврза Владата дека за секоја година ќе обезбедува средства за доградување на Лисичкиот систем, заради тоа што сега во поголемиот дел се гради од придонесот на граѓаните, единствен систем во државата, а и пошироко од објект од таква потреба и намена што е оставен да го гради локалната управа. Еве и денеска тоа ни се случува со овој Буџет за последиците кои ќе настанат ако не продолжи да се гради Лисичкиот систем не сакам да зборувам, заради тоа што средствата кои се собираат од граѓаните се

во помал обем отколку што беа планирани, заради состојбите што ги знаеме во стопанството, а посебно Градот Велес, Град кој што живееше само од организациите и вработени кои што работеа во индустриските организации , а денеска знаеме во каква состојба се претпријатијата и колку можат да се приберат такви средства од придонесот. Стручњаците велат дека конзервирањето на браната ќе чини многу поскапо отколку од 44 милијарди денари предвидени во Буџетот да се издвојат скромните 90 милиона , колку што се бараат со овој амандман. Да не зборувам што значи од здравствени еколошки аспект Лисичкиот систем за Велес кој што еве можеби чекор по чекор , камен по камен сакаме да го доградиме односно еден ден да обезбедиме и тие луѓе да не пијат вода од Вардар која што во сливот на Градот Велес веќе е со четврт степен на загаденост, а да обезбедиме една здрава вода за пиење, а тоа не е само од таква намена, но намената и е и друга , намената е и за наводнување на околу четири илјади и сто хектари земјиште кое што сигурно ќе даде и еден друг ефект во тој дел, а тоа е ефектот на производство на здрава храна. Значи два аспекта изгледа Владата не може да ги согледа, а да оставиме она што значи последици за здравјето на луѓето кои што живеат на тие простори. Баравме исто така , секоја година кога се носеа буџетите дали Владата може да најде одредени гаранции и извор на средства кои што еве, ако државата Македонија не може да учествува во градењето на тој систем да ни обезбеди средства преку кредитни линии, ние сами граѓаните да ги плаќаме. И тоа не се направи. Не знам до каде оди одговорноста, мислам и наша лична, а и пошироко на државата, токму во овој дел. Ако вака постапуваме со сите вакви објекти јас мислам дека овој објект е од витален интерес за државата, а сигурно се

издвојуваат средства и за други намени, не знам дали Градот Велес го осудуваме и понатаму да биде изложен на опасностите од живеење во една лоша еколошка средина, да нема обезбедено вода за пиење, или пак ќе смогнеме сили малку да им помогнеме , не многу, затоа што ако ги анализирате сите такви објекти кои се градени во Републиката , градени се од средства на државата, од кредити кои што денеска ги плаќаме. Лисичкиот систем изгледа е вон оваа функција. Ако гласате за амандманот, Ви благодарам. Ако не, исто Ви благодарам, но знаете дека сепак правите неправда за еден град од околу 50 илјади жители, а не само градот и околните села кои се низ пат треба да се обезбедуваат со вода здрава за пиење.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Оваа ситуација се повторува веќе трет пат во овој парламентарен состав. Знаеме можеби сме малку и досадни и некултурни и безобразни пратеници од Велес, со тоа што цело време зборуваме за Лисичкиот систем. Дури некој од одговорните луѓе во еден момент ни рекоа наглава ни се качивте со тоа Лисиче. Меѓутоа, ќе извините, ние на друг начин не можеме да настапиме. Единствен излез ни е овој. Не сакам да го повторувам претходниот говорник само сакам да апелирам на сите Вас. Ако граѓаните на Велес јадат загадена храна, ако дишат загаден воздух, дајте да им овозможиме барем да пијат чиста вода. Дајте да не дозволиме да се остварат прогнозите кои што зборуваат за тоа дека во скора иднина Градот Велес ќе биде мртов град. За тоа уште еднаш апелирам од името на нас пратениците до сите Вас дајте да го прифатиме амандманот. Дајте да помогнеме граѓаните на Велес да ја избегнат еколошката катастрофа. Во овој момент ќе помогнам на 43 илјади граѓани од Велес. Другите е' помогнеме на Прилеп, третите на

Охрид, дајте во овој момент да го дадеме приоритетот на Велес. Знам дека сите имаат проблеми во државата. дајте во оваа ситуација да бидеме парламентарни и солидарни.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувани министри, почитуван претседателе, прашањето кое што се настојува да се регулира со предложениот амандман по мене заслужува посебно внимание. Прашањето е многу битно бидејќи се работи за вода, за еден од животните услови за граѓаните. мислам дека вакви напори државата прави на сите страни настојуваме со право сите села да ги обезбедиме со вода,а истото мислам дека треба да го чиниме со наши скромни напори и за Велес. Ова го велам од причина што пред малку мислам дека добро постапивме кога не го прифативме амандманот за опремување, кога претседателот на Собранието ни стави забелешка. Значи дека не сакаме да се опремуваме. Мислам дека во тој случај кога имаме во прашање Буџет кој што е доста рестриктивен кој по мене можеби и нема доволно и во таа мера да се оствари , ако ги имаме предвид остварувањата во 1996 година, мислам дека овде ние ќе дадеме наш мал скромен придонес да помогнеме на велешани да го разрешат проблемот. Ова уште повеќе го подржувам и се залагам да се прифати амандманот на велешани, бидејќи во сличен случај бевме ние дебрани пред десетина години. Меѓутоа сега кога обезбедивме, ги немавме ние во тоа време проблемите што ги има Велес со загадување на околината, посебно до фабриката и другите фабрики и хемиската и т.н. , меѓутоа, ние го имавме големиот проблем на хепатитисот . Ако ги погледнеме резултатите сега кој што се сега за Дебар односно хепатитисот, можеби некој од лекарите ќе ме коригира меѓутоа, дозволувам да кажам дека ние скоро го

исклучивме хепатитисот благодарение на тоа што обезбедивме вода. Затоа мислам дека и мојата пратеничка група ќе гласа за тоа и го подржуваме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само една напомена господин Ајдарага јас не ставив забелешка зошто Вие не го усвоивте амандманот. Едноставно приговорите што доаѓаат до мене од Вас дека седите во неудобни столици и дека немате ни бироа елементарни во канцелариите, јас сакам од себе да ја х:имнам таа одговорност. За тоа потсетив.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас ќе бидам краток во моето искажување, мислам дека колегите од Велес имаат големи аргументи , заради тоа што нивните аргументи се бележат повеќе години. Пред три години проблемот беше ист. Минатата година уште повторно проблемот го искажуваа од говорницата. Велес како град лично сметам дека е еден од најзагадените градови во Република Македонија, можеби и на Балканот. најголема опасност за тоа население претставува еколошката средина во која живеат и лично сметам дека Владата мора да најде начин како да го надмине овој проблем заради тоа што и медицината и еколозите докажуваат дека се јавуваат големи дегенерации во однос на населението, голем број на смртни случаи кај младото население, оболување од одредени болести кој ги носи еколошката средина и добро е тоа да направиме да го подржиме овој амандман, со единствена цел Владата многу посериозно да му пријде на проблемот и да го најде решението. Во таа смисла го подржувам амандманот поднесен од колегите од Титов Велес.

II/8.-

**АТАНАС БЕНГЕЛОВ:**

Имам само два три збора да кажам во врска со еден мал апел околу поднесениот амандман, затоа што внесува во игра две морални категории како што е парламентарност и лојалност. Ние расправаме за Буџет, односно донесување на политичка одлука врз база на рационални категории, не на морални и на етички. Во тој случај доколку го прифатам апелот, односно не го прифатам ризикувам да бидам автоматски морално дисквалификуван. Значи ние говориме за Буџетот од една точка можност или не можност, а не лојалност или парламентарност. Би молел пратениците да се воздржуваат од такви имитативни импликации.

III/1.- НН/ЉР

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа, и јас би сакал во свое име и во име на пратеничката група на Либералната партија да дадам поддршка на овој Амандман, не од морални причини, туку од многу порационални причини затоа што сите вие добро знаете дека на времето Градот Велес, односно тогаш Титов Велес имаше една од најразвијните индустрии во РМ. Останатите градови тогаш кога ги решаваа своите витални проблеми околу водоснабдувањето со градење на вакви капитални инвестициони објекти во добар дел од тие инвестиции со свое учество преку Буџетот, или преку други основи учествувале и граѓаните на Велес. Сега, кога дојде ред Градот Велес, како еден од последните градови кој го решава ова суштинско прашање поради видоизменување на генералната политика, финансиска испаѓа можеби дека тие што најмногу инвестирале на времето за решавање н а тој проблем во други градови се хендикепирани се оставани сами на себе да го решаваат тој проблем, затоа што во моментот индустријата во Велес е можеби една од најлошите во РМ заедно со Штип и со Куманово и приходите кои се собираат по однос на локалниот самопридонес ни од далеку не се доволни за да ги задоволат овие потреби. Од тие причини мислам дека е реално да се прифати овој амандман и ова да постане правило на однесување и за наредните години, за да не се доведуваме секоја година во иста ситуација да се убедуваме со Владата дали е тоа потребно, или не е потребно. На крајот на краиштата тие средства што треба Владата да ги издвои односно ние усвојувајќи го овој амандман на Буџетот нека бидат на некој начин третирани и како влог на државата во изградбата на овој објект. И така нека се третира после во сопственоста и во правото на користење на тој објект како учество односно акции на Владата во хидросистемот Лисиче, како што впрочем и досега се

правеше така со издвојуваната нафта од стоковните резерви од Министерството за стопанство.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние дискутираме колку што јас спомнав петпати а има некој што памти и по седми пат дека дискутира ова Собрание за, претпоставувам ист амандман, на иста стапка во Буџетот за истата проблематика. Јас сакам да укажам на две работи за кои мислам дека ова Собрание треба да ги согледа во еден континуитет.

Јас се сеќавам првата година кога во својство на пратеник гласав во ова Собрание за Буџетот имаше ваков амандман, тоа беше минатиот состав и тогашниот потпретседател на Владата, г-динот Јован Андонов, упати до нас пратениците, веќе од денешен аспект гледано една сосема логична забелешка и едно негово, веројатно политичко и животно искуство пренесено до нас дека ова Собрание мора да има своја логика на однесување и дека ако еднаш прифатиме да таа инвестиција и тој проблем го санираме и го поддржуваме буџетски дека со тоа створаме обврска на државата во континуитет во Буџетот да одвојува се додека тој објект не се заврши. Сега се потврди дека г-динот Андонов тогаш беше во право. Ние еднаш тој проблем го префрливме во Буџетот на РМ, створивме навика, створивме амбиција, створивме желба кај луѓето во општина Велес дека тој проблем ќе се решава и од страна на државата во поголем обем. И со тек на години или Владата прифаќаше во својот Буџет, или прифаќаше во фазата на собраниска расправа амандман со кој никогаш таа инвестиција не остануваше со поскромни средства, колку што јас се сеќавам и секогаш на крајот добиваше, гледано од аспект на таа инвестиција сама за себе еден подобар дела на средства и од државата. Ние створивме навика, па ако сакате дури, претежно, непишано создадовме и една политика во рамки на Собранието на РМ

дека за разлика од другите системи со иста намена овој систем посериозно го поддржуваме низа години, сега се доведуваме во прилика да одлучуваме дали ќе ја продолжиме таа политика на еден или друг начин, или ќе ја преориентираме. Значи, се потврдува дека ние тешко сега можеме да се откажеме од услугите што Буџетот ги дава за решавање  за изградба на системот Лисиче. Се потврдува дека ние нема да можеме да правиме цик-цак политика за финансирањето на овој објект. Дефакто политиката која неколку години ја водевме очигледно дека ќе мора еднаш сериозно, па ако сакате и по расправа по амандман на буџет, ако веќе не може на друг начин да ја пресечеме на еден или на друг начин. Сметам дека е веќе доцна да ја пресекуваме на начин кој нема да двоиме буџетски средства од поголем обем за оваа намена, затоа што веќе ќе не кошта поскапо сите заедно недопирањето на оваа инвестиција. Веќе отидено е подалеку отколку што ние можеме сега да го пренасочуваме.

Второ, што сакам да кажам е нешто што можеби ќе биде во дел повторено. Мора некако Собранието на РМ, па препорачува и како Влада проблемот со водоснабдување во РМ да го гледаме на многу поинаков начин. Јас ќе направам можеби смешни компарации кои можеби ќе бидат критикувани и треба да бидат критикувани, затоа што не сакам друго нешто да повредам, меѓутоа ние не можеме да одиме три години пред XXI век со развој. Сега да не набројувам п:то е се тоа што директно или индиректно го поддржува државата, мобилна телефонија, комуникациски врски, информација, компјутеризација итн, а 1/4 од населението да нема снабдување или да има не квалитетно снабдување со вода во државата, во кој 1/4 спаѓаат и граѓаните на Велес. Сакам да укажам дека многу локални проблеми со снабдувањето со вода од најмалото село во

Македонија, па до најголемите градови кои имаат проблеми како што е Велес веќе не е локален проблем на тоа село,или на тој град. Ако голем дел од населението има проблем со водоснабдувањето уверен сум дека е тоа проблем на државата РМ која треба да го решава на подбора начин отколку што досега го решававме. Зошто е малку нелогично да имаме таков дебалансиран пристап во решавањето на работите кои се решаваат преку таканаречените јавни инвестиции во јавниот сектор, каде што спаѓа и водоснабдувањето. Едноставно, не можеме голем дел од населението да не обезбедуваме и тука да не разговараме за начинот на кој го снабдуваме со вода најчесто која служи и за пиење. Во нашата држава традицијата постои, веројатно уште долго ќе постои дека водата за пиење се обезбедува од водоводните системи, не се купува. Така да сметам дека овие проблеми треба да почнеме да ги третираме додека не се разрешат на еден задоволителен начин и како наши проблеми, на Собранието и на сите државни институции. Малку да ги пренасочиме од локално кон државно ниво, затоа што многу локални нивоа ако се среќаваат со ист проблем веќе е наш проблем, на ова собрание. По тој контекст мислам дека треба да го гледаме и случајот со Велес Со таква централизирана власт што постои во РМ, што таквите централизирани финансии, јавни финанси во рацете на државните органи и таква децентрализација, таков дебаланс на страна на локалните власти ние локалните проблеми долго време ќе мораме да ги решаваме и со наша помош се додека не направиме систем во кој јавните финансии ќе ги делиме на поинаков начин помеѓу централната и локалната власт. Во вакви услови ние едноставно ги осудуваме локалните проблеми да не можат да се финансираат особено таму каде што проблемите го надминуваат финансиското ниво и моќ на локалните заедници.

Во овој случај кај Велес, дури и со дополнителни средства кои не се јавни финансии, меѓутоа кои дефакто се, не знам колку години и на кое ниво е придонесот, меѓутоа тој се остварува така како што се остварува, лошо или добро. Така да ненавлегувајќи само во овој проблем мислам дека по повод овој проблем ние мора да размислуваме за некои таканаречени локални проблеми и на местото на финансирањето од страна на Собранието. Значи, не типични проблеми за јавни финансии, за локални проблеми за кои мислам дека надминуваат некои граници во последно време.

На крај по повод ваквото размислување да се изјаснам и за амандманот што е на дневен ред.

Амандманот кој во оваа прилика го гледаме за мене е прифатлив, меѓутоа неприфатлива е структурата на новото балансирање во Буџетот која предлагачите на амандманот ја предлагаат. Имено, предлагачите предлагаат од истите намени, за кој зборував сега, кои се однесуваат доволно за државата, значи локални проблеми со фекална канализација, отпадни води и водоснабдување да доживеат внатре тие издвојувања со поинаква структура во корист на Хидросистемот "Лисиче". Со оглед дека сум во тек и запознаат дека е поднесен нов амандман со истата намена, меѓутоа кој има поинаква структура на намалување на средства кај други трошоци во Буџетот јас за овој амандман конкретно што е поднесен нема да гласам. Меѓутоа, ќе гласам за соодветно поднесениот амандман, кој не знам дали е поделен во овој момента или не, и кога ќе дојде поднесен од истите предлагачи, тројцата пратеници од Велес кои предлагаат компензацијата на средства кои се префрлаат кај овој водосистем се компензираат со трошоци кои не директно влијаат на другите граѓани во Републиката, кои исто така по игра на случајот, или по грешка во еден подолг период, или заради не можност исто така мора да добиваат

средства за да ги решаваат своите проблеми со фекална канализација, отпадни води и водоснабдување. Така да јас би замолил пратениците да го имаме предвид ова што дефакто во РМ се случува со локалните проблеми, затоа што секој од нас кога ќе се случи неколку дена да немаме вода во нашите домови свесни сме на што дефакто се сведува нашиот живот без исправна и доволна количина на вода во нашите домови. Секој од нас знае дека во тој момент дефакто ние се соочуваме со страшен проблем. Дајте да размислиме дека во Државава има голем број на население кое тој проблем го осеќаат секојдневно, а не инцидентно кога се случува да немаме вода во нашите домови.

Од овие причини овој амандман ќе го поддржа, во втората верзија, не сега и би апелирал до Владата овие проблеми да ги има предвид. Дали е касно или не да ги акцептира во ваква форма во овој Буџет јас не можам да оценам, тоа ќе го препуштиме на претставникот на Владата на г-динот Фити, меѓутоа во остварувањето на Буџетот мислам дека генерално и во идните години мора овие проблеми на таков начин да ги гледаме доколку е тоа можно.

Благодарам и благонамерно тоа сакам да се сфати.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Бидејќи имаме нов амандман со поинаков распоред на средства од различни позиции ќе го повлечеме овој амандман со тоа што другиот да го погледа министерот, па ако го прифати добро, ако не ќе одиме на објаснување.

III/7.-

Значи, предлагачите овој амандман го повлекуваат. Според тоа господо пратеници што се пријавите за дискусија беспредметно е сега. Кога ќе расправаме по новиот амандман можете да се произнесете.

Отворам претрес по Амандманот на член 3 раздел 040.0 2 потставка 463019, стапка 464 и стапка 468 и потставка 468.1096 раздел 280.01 категорија 2 капитални трошоци, потставка 467 1014 и на разделите 040.02 и 280.01 поднесен од пратеникот Ризман Сулејмани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Четворица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 090.02 ставка 444 потставка 444.065 и на ставка 444 потсавка 444.1154 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандманите се однесува на стимулациите кај извозот. Значи насочени кон она што цели два дена дискутираме. Па велиме поддршка на производството особено на извозно ориентираното, велиме дека сите напори и заложби ќе бидат насочени кон намалување на дефицитот, кон заживување на извозот, а тоа значи на производството, а од друга страна ги намалуваме стимулациите за извоз, туку ние додатно ги оптоваривме на еден многу перфиден начин извозниците со уште неколку проценти. Пред се зафаќањето на 3% од трошоците на име царина на увозни суровини, материјали наменети за извоз 3% нема да се враќаат. Значи, тоа веќе е додатно оптоварувае и низ овие документи кои ќе следат има уште на неколку места еден невидлив начин привидно, мислејќи дека не ги читаме документите и ќе можат да поминат незабележани. Не можам да прифатам дека целата определба ни е заживување на стопанството особено извозното. Јас се прашувам има ли некој маѓепсник што тоа ќе го направи сега. Со документи со убави пасуси напишани тука, да не кажам уште некоја песничка треба да се испее дека се е во име на извозно ориентирано производство.

Јас ќе побарам поддршка од 10 пратеника за поединечно изјаснување па да видиме сега ние точно кој се залага за заживување на производството, кој се залага за извозно ориентираното стопанство и со еден збор, кој е тука во оваа сала и не само декларативно, туку и фактички за она фактички што значи стимулации за извозот. Целата макроекономска политика, монетарна политика, сите зафаќања, сите задолжувања основна цел имаа заживување на производството. Сите тие силни кредити сме ги земале за да ги ставаме од џеб во друг. Треба

да ги вложиме за да тие после се вратат. Ние повеќе се бавиме сега како да ги покриеме трошоците на социјала, за тоа издвојуваме 95%, наместо средствата да ги насочиме таа број- ка на луѓе што ги праќаме на социјалните фондови ја намалуваме.

Дами и господо нема друг начин таа бројка да ја намалиме освен производството да го зголемиме и со нови вработувања и со зголемено производство. Тоа ќе ни биде и поефикасно и подолгорочно и пореално.

Барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснување за овој мој амандман.

(Не се јавува ниеден пратеник).

IV/1.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво да видиме, можеби ќе ви се прифати амандманот.

Дали уште некој бара збор?

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас ќе го поддржам овој амандман од следниве причини: Острата кредитно - монетарна политика која во почетокот ги даде очекуваните резултати, а тоа значи смирувањето на инфлацијата во подолг временски период. Таа се многу негативно одрази на севкупната економска состојба во земјата. Како резултат на неа и непреземајќи, во овие изминати години, одредени корекции во една таква рестриктивна кредитно - монетарна политика, ние денес сме сведоци на еден стравовите пат на општествениот производ, на ниското ниво на производството, на ниското користење на капацитетите во Македонија, на страшниот пад на стандардот, на големата невработеност, на сите економски последици кои не задесија во оваа ситуација.

Сега со Буџетот на некој начин на миркоплан, така да кажам, затоа што многу се употребува зборот на голема рестрикција на Буџетот во државата, а таа изнесува некаде 4%, со исклучувањето на финансирањето на пругата Дељаковски - бугарска граница, практично не е тоа некоја позначајна рестриктивна буџетска политика. И тоа што се вика дека во Буџетот сега имаме развојни елементи, со тоа што за 50% ги зголемуваме депозитите во Народна банка, ама нема да дадат никакви ефекти. Ефектите, дами и господа, се во активирањето на производството, во индустријата, а да може тоа производство да се активира и да се зголеми обемот на производството, тоа значи фабриките кои денес престанаа да работат, тие се огромни или чии капацитети се користат ниско, тие треба да почнат да произведуваат стока. Ако произведуваат стока, таа не може да ја акумулира домаш-

ниот пазар затоа што е мал и тн., мора таа стока да оди во извоз. Баш затоа што ние имавме толку време таа рестриктивна политика, извозно ориентираните организации, меѓу кои и овие од текстилната индустрија, од лесната индустрија, од земјоделието, па и од останатата индустрија кои извозно беа ориентирани, дојдоа во најтешка положба. според тоа, ако сакаме, ние мораме да се определиме за две работи: или да пуштиме да клизи денарот спрема цврстите валути и да водиме една политика како што и целиот свет води кога дојде во една ваква стагнација во производството, или пак кога дојде во еден ваков голем трговски дефицит како што ние денес имаме, каде што е веќе запалено зеленото светло, или пак да се одлучиме да го дотираме тој извоз, што јас мислам дека не е во правец на пазарната економија. Во правец на пазарната економија е да имаме едни вакви односи какви што имаат пазарните економии во светот. Но, бидејќи се определивме и понатаму да го задржиме цврстиот курс на денарот спрема цврстите валути, тогаш ние нешто мораме да направиме во правецот на интересот на стопанските организации за извоз. Од тие причини јас ќе го поддржам овој амандман кој сепак обезбедува една развојна политика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот за финансии господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Јас се чувствувам должен само да предупредам, инаку, се разбира, право е на пратениците да гласаат.

Станува збор за извозни стимулации и факт е дека ние имаме проблеми врзани со извозот, дека тоа веќе подолго време го чувствуваме. Фактички станува збор за еден хроничен дефицит во нашиот

платен биланс. Меѓутоа, ние кога ја менувавме оваа политика водевме сметка и за она што претставува меѓународна обврска на Република Македонија, во прв ред кон светската трговска организација. Бие се сеќавате дека го имавме тој член 53, за кој овде се расправавме и можевме во таа ситуација да направиме нешто што светската трговска организација како инструмент на поддршка на извозот го прифаќа, а тоа е повраќање на царините. Вчера овде беше кажано дека тој систем не функционира, што, се разбира, не е точно. Вие знаете дека Управата за царина за таа работа има донесено посебно Упатство. Меѓутоа, се покажа нешто друго, за што јас говорев порано долго, кога требаше да се укине член 53. Имено, се покажа дека многу претпријатија кои ни пријавувале, дефакто извоз, фактички тој извоз не го направиле и сега има компензирање меѓу нив и некои претпријатија врз таа основа се појавија како огромни должници спрема државата, не можат да си ги измират обврските. Инаку за тие каде што нормално тече извозот, плаќањето се врши веднаш затоа што парите и не доаѓаат во Буџетот. Ве молам, тоа е вистинската информација. Парите не доаѓаат во Буџетот. Заводот за платен промет парите ги симнува од сметката и ги праќа до самиот извозник откако документацијата ќе се направи. Тоа е тој систем кој што го признава светската трговска организација по враќање на царините.

Друга мерка што овде беше спомнувана и што лично ја подржувам и за што мислам дека треба со тек на време да се размисли и да се направи, тоа е евентуално банка за поддршка извозните зделки. Тоа е идеја која што подолг временски период се заговара во Република Македонија, меѓутоа, тоа не е направено. Инаку со овие стимулации, вака како што овде се предлага да ги ставиме, ние ќе имаме сериозни проблеми и со нашите аранжмани со меѓународните финансиски институции и со Светската трговска организација. Згора на на тоа

гледате дека предлогот е да се земе од позицијата за санација на банките. Сега во една земја на транзиција, често пати не можеме до крај да ги изнајдеме приоритетите што е важно а што не. Ние тргнавме во процес на санација на банките. Ние многу средства досега потрошивме за санација на банките. Републиката тоа ја чини многу, посебно санацијата на Стопанска банка, за што верувам пратениците се информирани, бидејќи вие ги гласавте тие закони. Така да тоа исто така е сериозна обврска. Нас ни достигнуваат обврзници камати, веќе во 1997 година и тие обврски мораме да ги направиме спрема банките. Така да тоа и структурно внатре во Буџетот многу би ни ги пореметиле позициите, но се разбира, право е на пратениците да го дадат својот глас.

**Т0ОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако ние начелно се согласуваме дека треба да има стимулации, министерот може да предложи посоодветен начин од каде тие стимулации да се обезбедат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во секој случај ние сега имаме конкретен амандман и по него расправаме.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник). Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснување.

Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат предлогот? (Да)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам да се провери дали имаме кворум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ги молам пратениците да си седнат на своите места.

Барам информација колку пратеници се присутни во салата.

Во салата има присутни 69 пратеници.

Го молам секретарот да излезе на говорница и да поминеме на поединечно изјаснување.

(Секретарот излегува на говорница и се врши поединечно изјаснување на пратениците по амандманот).

**СПИСОК**

**на пратеници во Собранието на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИКАБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | воздржан |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | воздржан |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | воздржан |
| 8. АМДИ БАЈРАМ | против |
| 9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | не е тука |
| 10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | не е тука |
| 11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | не е тука |
| 12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | против |
| 13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | воздржан |
| 14. ИВАН БОЖОВ | воздржан |
| 15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | воздржан |
| 16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | воздржан |
| 17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 18. КИРЕ ВИДИМЧЕ | не е тука |
| 19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | воздржан |
| 20. ЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | не е тука |
| 21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | не е тука |
| 22. ТУШЕ ГОШЕВ | не е тука |
| 23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | не е тука |
| 24. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 25 .СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |
| 26. ЛАЗАР ДИМОВ | против |
| 27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | против |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

2.-

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | за |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | воздржан |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | не е тука |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | воздржан |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | против |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | не е тука |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | не е тука |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | воздржан |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | не е тука |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | за |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | против |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | за |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | воздржан |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | воздржана |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | не е тука |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | не е тука |
| 51. РИСТО МАСЕВ | против |
| 52. ЉУПЧО МЕППСОВ | за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | воздржан |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | не е тука |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | не е тука |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | воздржан |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | против |

3.-

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | не е тука |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | воздржан |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. | |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | воздржан |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | не е тука |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | за |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | воздржан |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 78. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | против |
| 79. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. АБДУРАУФ ПРУСИ | против |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | за |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | воздржан |
| 85. НАНО РУЖИН | не е тука |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | не е тука |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | за |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | не е тука |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | за |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | не е тука |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |

4.-

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 98. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | против |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | не е тука |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. З0РЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | воздржан |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | против |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | не е тука |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 109. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | не е тука |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | воздржан |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | за |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | воздржан |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | не е тука |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Гласале 74 пратеници, од кои 28 за, 14 против и 32 воздржани

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 090.02 ставка 4171, потставка 4171046, раздел 090.02 ставка 4171 капитални трансвери, категорија 2 капитални трошоци и на раздел 120.01 ставка 482, потставка 472026, категорија 2 капитални трошоци и во подкатегорија 47 капитални трансфери ставка 472 капитални трансфери поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Молам претставникот на Владата да се проснеше.

Г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Шест пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 , раздел 090.02 ставка 471, потставка 471046 и раздел 160.20, ставка 427, потставка 427136 поднесен од пратениците Марјан Начевски, Иван Бојиов, Владе Давитковски, Драган Митевски, Никола Р. Поповски, Димче Настовски и Благој Стефановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Таки Фити

V/2

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

22 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

За збор се јави г-дин Нацев.

**МАРЈАН НАЧЕВ:**

Барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање, бидејќи се сомневам во гласањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има 10 пратеници кои што го поддржуваат г-динот Начев.

Седум пратеници го поддржуваат предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 121 ставка 426, потставка 426016, ставка 472, потставка 472096, поднесен од пратеникот Назми Малиќи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Шест пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 090-02, ставка 485, потставка 485020 и раздел 28001 , ставка 467, потставка 467014, поднесен од пратениците Абдурауф Руси, Ризван Сулејмани и Назми Маличи.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Пруси има збор.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитувани пратеници, во врска со овој амандман да не се стекне погрешен впечаток дека со овој амандман ние како пратеници, предлагачи сме против изградбата на пругата со Република Бугарија. Меѓутоа, ние го дадовме овој амандман, имајќ9 ги предвид сите состојби посебно во Република Бугарија, па и кај нас во овој момент и имајќи ја предвид вкупната сума која што е одделена, мислам предвидена во Буџетот, која што е релативно мала или никаква во однос на изградбата на таа пруга, а земајќи го во предвид случајот дека Министерството за развој односно за министерството за развој има премалку средства оваа година, ние законски колку е предвидено, значи, доаѓа од прилика околу 0,51% од општествениот производ а предвидено со 1%, тогаш би ве молел да го гласаме овој амандман бидејќи овие средства што се предвидуваат да се одвојат за развој сигурно ќе бидат позначајни, отколку што се предвидени за пругата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор?

Г-дин Сулејмани Ризван

V/4

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, јас и вчера се задржав доста долго во оваа проблематика, се работи за средства од ставката предвидени за изградба на железничката пруга за Бугарија, да се префрлат во фондот, односно во Агенцијата за неразвиени општини.

Како што знаете минатата година од Буџетот беа одвоени некаде 1.400 милиони денари, а оваа година тука се предвидуваат само 400 милиони. Имајќи ја предвид и законската обврска дека ние сме обврзани 1% да одделиме за Агенцијата за неразвиени општини, а со сегашната ставка, со сегашните средства кои се одвоени, тие не се ни 0,5% , а претходно имаме донесено закон, како што реков и вчера Закон за нова територијална поделба каде што 80 општини имаат амбиции да конкурираат како неразвиени општини со овие средства денеска одвоени, со Буџетот предвидени за тие неразвиени општини, мислам ни одблиску не можат да бидат задоволени тие потреби. А што тоа значи? Јас мислам дека вчера пропуштив да кажам, а вие веројатно сите знаете при спојувањето на Источна Германија со Западна Германија, тогашната германска Влада подготвуваше некаде 200 милијарди марки за да може да се изгради токму оваа инфраструктура за да не постои таа разлика за неразвиеност. Но, пресметките покажаа дека тие одвоија не 200 милијарди, туку 550 милијарди марки , а плус од даночна политика да ги стимулираат инвестициите во токму овие неразвиени делови. А што ние правиме? Ние ни овие минимални средства кои се предвидени со закон тој 1% не сме во состојба денеска да го одвоиме за таа Агенција за неразвиени.

Затоа, барам од пратениците ова да го имаат предвид и да гласаат амандманот.

V/5

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, Агенцијата за развој на недоволно развиените подрачја на нашата општина во нашава Република во изминативе 3 години постигна огромни резултати на планот на решавањето на проблемите на ридско -планинските краишта и села околу изградба на селски водоводи, патишта, помагање на телефонијата, изградба на училишта, потоа здравствени амбуланти и се што му треба на овие села кои што како што реков и вчера беа заборавени од стариот систем.

Јас го подржувам овој амандман. Нашава изградба на оваа железница може да почека за некое подобро време и дел од тие средства да бидат наменети за потребите на оваа Агенција, која пак како што знаете во споредба со минатата година нејзе од овие буџети и се скусени околу 160 милиони денари, а после овој амандман следуваат и други амандмани, со кои се бара и понатаму кусење на овие средства. Јас го подржувам овој амандман на г-динот Пруси.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Арсовски бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас се извинувам што се јавив меѓутоа треба да реагираме во ова насока. Мислам дека Владата и Министерството позитивно одлучиле што направиле напори и издвоиле средства оваа пруга да се заврши, или делумно да се заврши. Поради тоа што ние како Собрание донесовме одлука да ја градиме таа пруга и што е најбитно и оваа пруга е во функција на неразвиените подрачја, кои се присутни во општина Куманово.

Јас ќе ви потенцирам дека моментално таа пруга сега во Куманово , Вељаковце, Бугарска граница односно Бугарија покрива четири неразвиени општини, а самата пруга покрива околу 70 неразвиени места. Јас сега не знам дали ја знаете состојбата на самата пруга каква е и

што е, ќе сфатите ако отидете да ја видете таа пруга, ќе видите дека таа е руинирана комплетно, нарушена и целокупниот најважен правец и најважно превозно средство за Клечовската општина, за Кратовската Кумановската , Старонагоричката, па и Орашечката општина претставува оваа пруга. Сега моментално сите тие населени места од тоа подрачје немаат никаков пристапен пат. И ако ви кажам дека сите тие населени места во Агенцијата за неразвиени односно во Законот за неразвиени се 70%, тогаш ние правевме една поголема штета ако не направиме напри оваа пруга полека, полека да се гради и да се доизградува токму заради тоа да му овозможиме на ова население преку ова превозно средство да имаат достапен пат до државата односно до РМ, почнувајќи од Скопје, Куманово и тн.

Во таа насока дури јас се носев со идеја да поднесам амандман да се зголемат средствата за пругата со единствена цел да најдеме крај, во спротивно верувајте; дека луѓето по 20 км. сега одат пеш нема превозно средство и се наоѓаат како затворени во една провалија од која не можат да излезат.

Во таа смисла, јас ве молам, да не го форсирате вашиот амандман, не е во функција на Агенцијата за неразвиени, бидејќи и овие села кои се отсечени, тоа се неразвиени подрачја.

Инаку, го поддржувам она што значи Агенција за неразвиени бидејќи таа на сите нас пратеници ни овозможи, ако не друго, да се јавиме пред нашите бирачи со правење или неправење на некои објекти сега, во зависност кој колку го познава директорот и колку е поприсутен во агенцијата, толку има и поголем успех. Во таа насока ве молам ќе направиме најголем грев ако го прифатиме амандманот. Дури јас би се заблагодарил на некој пратеник ако поднесеше амандман да ги зголемиме средствата во оваа насока. Јас Ви благодарам а инаку не го подржувам амандманот од овие причини што ги изнесов.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави - г-дин Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Јас потполно би се сложил со г-динот Арсовски, реков на почетокот да не стекне впечаток дека ние сме против изградбата на таа пруга. Посебно јас го знам значењето на оваа пруга, меѓутоа, г-динот Арсовски спомна нешто и во таа смисла јас сакав да кажам дека треба да се земе предвид сумата која што е издвоена за оваа цел. Верувајте, таа сума која што е издвоена е симболична и со таа сума едноставно не може, барем јас колку што ги знам работите не може ништо да се направи. Јас би се сложил кога би имало повеќе средства евентуално да се пренаменат за таа пруга, меѓутоа, реков и пред малку, имајќи предвид дека таа сума е премала. Со таа сума евентуално ако нешто се направи следната година ќе стане и тоа руинирано. за жал, па затоа реков барем дел од тие средства да се пренаменат оваа година } па ако може другата година јас потполно би се сложил со г-динот Арсовски да издвоиме една многу поголема сума на средства за таа пруга. Затоа, ве молам за оваа година барем да издвоиме дел од тие средства за неразвиени подрачја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој друг бара збор?

Г-дин Наќе Стојановски

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Навистина, амандманот, поготово за голем дел од пратениците во Собранието на РМ , во делот каде што ставка се предвидува за Агенцијата за неразвиени подрачја за 1997 година и законската обврска дека треба 1% да се издвојува од општествениот производ, а предложената стапка за таа намена за 1997 година е далеку испод тоа ниво,

амандманот е вака атрактивен, но мора да се знае едно дека би требало предлагачот јасно и гласно да каже, точни се фактите дека со 400 милиони денари за 1997 година пругата за која станува збор не може да се изгради, дека ова е пресипување од празно во шупљо како што велат, затоа што некаде се работи за 7 до 8 милиони долари, а пругата чини далеку над таа бројка и колку што јас имам информација дека се работи за ставка која се предвидени веќе направени трошоци во врска со пругата во 1996 година, кои финансиски не се покриени во 1996 година. Понатаму, пругата нема да се финансира до буџетот ниту може да се финансира од буџетот, туку треба да се бараат други извори на средства во врска со тој проект. До колку за оваа ставка е тоа точно дека се веќе претходно предвидените средства потрошени и се сака да се покрие само таа обврска, би требало предлагачот тоа да го каже и да стане беспредметна оваа дискусија да не се доведуваат пратениците во заблуда или дилеми дали да се определат за пругата или за зголемување на средствата за Агенцијата за неразвиени или евентуално за мали микро проекти од инфраструктурен карактер, што најчесто и се донесувале на потрошувачка од делот од Агенцијата, каде што и законски припаѓаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**ТАКИ ФИТИ:**

Јас нешто спомнав и во воведното излагање околу ова што господинот Наќе сега зборуваше. Најверојатно дека еден помал дел може да се случи да се дефакто пренесени обврски за догодина, бидејќи градежниците извршуваа определена динамика на пругата, меѓутоа еден дел останува за поситни работи кои што треба да се прават на пругата, а нашите напори се светени кон Европската инвестициона банка за да можеме евентуално да мобилизираме кредит од таму и да продолжи изградбата на пругата во иднина. Тоа е ситуацијата, така што некаде половината од тие средства неполни 200 милиони најверојатно ќе бидат пренесени обврски што треба да се исплатат кај градежниците макар што до крај ќе ги сведеме сметките бидејќи еден дел кај нив е по малку авансиран. и знаете тие сметки веќе сега ги правиме ние. Но еден дел ќе остане што е сосема мал, треба поситни работи да се завршат некои делови да се конзервираат а ако успееме со кредитот од Европска инвестициона банка ќе продолжиме со соодветна динамика.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас сакам само една мала интервенција. Не се сложувам со мислењето на господинот Бранко Арсовски дека во Агенцијата за развој на недоволно развиените подрачја директорот ги дели парите според пратениците. Во Агенцијата парите се делат според проектите господине Арсовски, т.е. се поднесуваат секоја година до 4 јануари. Оваа Агенција ја води еден истакнат стопанственик и благодарение на него досега како што реков пред малку постигнати се огромни резултати во враќање на животот во овие запустени села.

VI/2

Господине претседателе, почитувани колеги, мислам следното треба да се каже врзано за овој амандман. Мислам дека амандманот отвора едно друго прашање кое што е буџетско со оглед на тековните работи на поделбата на колачот со кој располага Републиката во текот на оваа година, меѓутоа амандманот покренува и едно друго прашање. Покренува прашаше за репрограмирање државно на развојот на недоволно развиените краишта во државата со оглед на новата територијална поделба на Републиката во кои некои соодноси ќе се менуваат со оглед на да кажам фрагментирање на досегашните општини, па според тоа ќе стане некоја и натаму во неразвиените а некоја ќе скокне во развиени и тн. Сакав да го поддржам амандманот само во оној дел кој што инсистира да се полни, односно да постојат повеќе средства на располагање на Фондот за помагање на побрзиот развој на недоволно развиените, но тоа да биде попратено со една посебна нова програма на Владата за оваа цел на која основа и по кои критериуми ќе бидат понатаму поделени на еден така да кажам со современи услови поделени средствата за таа намена. Мислам дека ова треба да се земе како сериозна појава бидејќи сега низа општини, видете што се јавува. Намера е 80 општини да спаѓаат во неразвиените. Па според тоа мора да се работи на тоа да се градат критериуми на основа на која ќе се добие статус на такво ниво на развој за да знаеме натаму. Но, се залагам за секој случај да во ставката која што е врзана за помагање на развојот на недоволно развиените да најдеме начин таа да биде побогато така да кажам полнета од да кажам извори кои што не се толку нужни барем за оваа година и за скоро време.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги во секој случај ни треба и пруга и развиени села во оној дел што ги предвидуваат од средствата за Агенцијата. Но, по излагањето на министерот кај мене една дилема дали да се прифати амандманот, или не, постепено се разрешува. Со она што беше кажано дека можноста пругата да биде финансирана и завршена по основ на кредит со задолжување на Република Македонија, јасно кажува дека средствата кои треба, кои ги предвидува овој амандман треба да го поддржиме. Од причина што навистина беше кажано од колегата Тантаров, дека за овие три години после трансформацијата на Агенцијата од Фондот за неразвиени во Агенција за неразвиени, покажа дека во 90%, или да не речам 100% средствата наменски беа искористени и функционално во' развој пред се на неразвиените краишта односно селата.

Друга работа што треба да се спомне тоа е одлуката средствата кои ги наменува; оваа агенција дури ни рекоа треба да се прошири. Таа досега одеше на села за оние намени, водоводи, патишта, струја, здравствени станици, ПТТ мрежата во овој случај да ги зафати и градовите. Факт е дека новата територијална поделба односно идните градоначалници од 80% од селски општини што ќе дојдат од ново формирани сега единици ќе бидат пред вратите на Агенцијата, односно пред вратите на Министерството за финансии од каде што треба да се извлечат овие средства. Во секој случај ви реков после излагањето на министерот јасно укажува дека државата може да изнајде и начин за финансирање на пругата на некој начин, додека за развој на селата во секој случај немаме друг извор, или кредитно задолжување.

Уште една работа како паралела сакам да ја спомнам. Во 199 5 година 700 милиони беа средства за Агенцијата. 1996 во Буџетот 900, сега се враќаме на 700. 100 милиони денари ми се чини не се некоја пречка, многу би значело за овие 80 новоформирани единици, а во секој случај пругата не би се решила до крај. Го поддржувам амандманот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ние и кога одлучивме односно кога расправавме за буџетот и како пратеничка група расправавме и дојдовме до една констатација дека група пратеници од Пратеничката група треба да достават, односно да поднесат ваков амандман. Зошто? Затоа што од нашите анализи дојдовме до таа констатација што ние сфаќаме развој е и да се изгради пруга, развој е и да помогнеш односно со Агенцијата за развој да помогнеш таму каде што има елементарни потреби за живот. А, елементарна потреба за живот тоа е да имаш вода и елементарна инфраструктура. И сега споредувајќи два момента од тоа што значи развој мислевме и сеуште мислиме се разбира дека ова е многу позначајно да помогнеш таму каде што елементарната непогода се врзува и со тоа што е и здравје на крајот на краиштата. Затоа што ако изградиш водовод или обезбедиш таква инфраструктура која обезбедува живот, мислам дека тука треба да размислиме малку подобро и да поддржиме таква иницијатива т.е. таков амандман. Затоа што пругата е проект кој влегува и во тоа што се проекти исток - запад, односно запад - исток. Така што може да се става, односно таква е и самата замисла да се изгради таа пруга со тоа што ќе се најдат средства таму каде што навистина и може да се помогне повеќе и да се изгради оваа пруга. Затоа мислам дека држи тоа да се додадат односно да се помогне да Агенцијата за развој има повеќе средства за да се помогне во овие неразвиени краишта т.е. села кои

немаат елементарни услови за живеење. И токму затоа мислиме дека треба да се поддржи и тука очекував дека ќе бидеме добро сфатени и од нашите колеги пратеници за да се поддржи еден ваков амандман. Ако некаде се потрошени средства како што треба и каде што треба јас мислам дека се тоа средствата од Агенцијата за развој. Затоа што таму добро се знае и точно се знае дека тие средства одат точно таму каде што е најпотребно односно таму каде што значи живот. Јас го поддржувам амандманот.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас не сум од онаа група на пратеници кои што на вакви едни капитални закони од интерес на целата држава да прави свој личен маркетинг па и со одредена своја дискусија или со одреден свој амандман и да наштети на својата држава. Станав само да расчистам една дилема бидејќи гледам дека некои работи посебно со претходниот дискутант веќе со овој амандман влегоа во погрешни води.

Министерот добро рече дека оваа година пругата излегла од буџет, влага со една мала ставка од 400 милиони денари кои што се средства за намирување на досегашно направените трошоци и за конзервирање на оние делови што се започнати од пругата. Тоа се делови да речеме тунел кој што е започнат до половина, па би требало да се конзервира затоа што би се направила штета доколку се направи некоја пауза од 5,6 месеци. Јас така ги сфаќам работите. Колегата Бранко Арсовски пратеник од Куманово во дискусијата своја околу пругата ја претстави како пруга од локален карактер. Пругата не е од локален карактер, таа траса од 54 километри трасата Бељаковце – Деве Баир е од државен интерес. Јас ќе ги поддржам сите други амандмани поднесени од колегите пратеници кои што сакаат да го зголемат фондот на Агенцијата за неразвиени познавајќи и знаејќи што претставува Агенцијата за неразвиени, посебно за новоформираните општини, за ридско

планинските краеви во Македонија, за пасивните делови во Македонија, компактно заостанатите. Меѓутоа, оние амандмани кои што имаат зафаќање во одредени министерства како што се ставките капитални трошоци, набавка на мебел, набавка на коли. Тие амандмани ќе ги поддржам и би требало сите да ги поддржиме. Меѓутоа овој амандман ваков треба добро да се размисли пратениците во овој Парламент:добро да размислат. Реков дека пругата е пруга од интерес на државата. Драги колеги таа пруга е за развојот на Македонија, не е за регионот Куманово, Кумановските општини, Ранковци и Крива Паланка. Вие, или ние заборавивме многу брзо дека пред две години тој правец Куманово - Деве Баир беше единствен правец, единствен излез на нашата држава во светот. И оние луѓе, оние колеги што пред малку го поддржаа амандманот на господинот Томислав Стојановски за извозната стимулација доколку сега го поддржат и овој амандман ќе бидат контрадикторни самите на себе. Па со таа пруга е буквално и она извозната стимулација. Транспортните трошоци ќе се намалат заправо преку таа пруга. Доколку ние таа пруга ја имавме овие години ние сигурно би имале поевтино гориво, а горивото ќе ги обезбеди сите други производи што се увезуваат да бидат поевтини, а оние што се извезуваат да бидат порентабилни при извозот. И тоа е заправо таа извозна стимулација што господинот Томислав Стојановски се залагаше со еден свој амандман. Затоа јас ќе ве замолам оваа скромна ставка за пругата да не се чепка и понатаму со амандмани, да остане, а Владата апелира  до Владата и такво ветување веќе имаше дека во текот на годината ќе се обезбедат одредени кредити да таа пруга продолжи со градбата и да заврши со изградба во некој поблизок рок, а таа пруга ќе обезбеди на сите наши пасивни краишта и во Мариовскиот и во Дебарско - Жупскиот и во Долно Реканскиот и во Козјачкиот регион за побрз развој и на тие регион» и на државата. Апелирам овој амандман да не се поддржи како што е формулиран.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Бранко Арсовски, има реплика.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, човекот кога сака да прави маркетинг мислам најлесно е на овој проблем да оди. Инаку господинот што кажа дали го разбирам што е локално, што е меѓудржавно ниво и каква вредност има таа пруга, тоа нека остане твое убедување, не лично мое, а верувам дека јас знам што е меѓудржавно, а што е локално и тоа ептен ми е многу јасно. И не сакам да те убедувам во тој дел. Меѓутоа, јас сакам да ви спомнам дека пругата која беше претходно присутна само функционираше до село Бељаковце. Сега таа пруга е комплетно срушена. Ние направивме зло на тие луѓе заради тоа што мислевме да направиме квалитет. Зошто? Сега тие луѓе нема каде да патуваат и моментално овие средства сега што се предвидени и јас викам дека се многу симболични, меѓутоа најверојатно министерот сега укажа и ме убеди мене барем така го сфатив дека овие можат да потпомогнат за решаваше на низа проблеми кои се веќе создадени. Ставката за пруга да ја бришеме за Бељаковце е некоректно, комплетно некоректно. Значењето на пругата е ептен јасно. Инаку Тантаров знае да направи што треба да направи, јас лично тврдам додека Агенцијата за неразвиени на мене ми претставува извонредна парична можноста да се развива оваа наша неразвиена држава каде инфраструктурата е катастрофално лоша. Ако ја погледам мојата изборна единица во која јас функционирам како пратеник во кој 70% се неразвиени најнормално е да ја поддржувам таа агенција не да има 700 милиони, камо среќа уште три пати повеќе заради потребите на оваа држава. И тука немам апсолутно ништо повеќе да додадам отколку да ве поддржам вас господине Тантаров и дури да ти предложам да поднесеш еден амандман не да се одземат од оваа пруга кои се 400 милиони само се завaруваме дека. таму ќе потпомогнеме многу, а ваму нема ништо да направиме, туку да направите од одредени резерви, или некои други

VI/8

ставки да ја потпомогнеме Агенцијата. Инаку јавно му се извинувам на директорот ако погрешив, направив лапсус, меѓутоа направив во таа смисла дека еве се покажа дека голем број на пратеници се многу поблиски до Агенцијата а некои се малку подалеку. И можеби јас сега во еден друг период ќе побарам нешто друго, еден извештај од Агенцијата, секоја изборна единица во кои граници ја користела Агенцијата како неразвиени подрачја па да направиме едни параметри дали до крај сме можеле рамноправно да потпомогнуваме оние таму кои што се наоѓаат. Инаку лично сфаќам дека Агенцијата треба да има уште два пати повеќе средства за да ги на некој начин разрешиме одредени проблеми. Јас ако ви кажам дека во Куманово имаме извонредни инвестициони вложувања од Агенцијата тоа е факт, тоа е точно, меѓутоа да земеме од една ставка која е исклучиво за една пруга која ги врзува повеќе краишта на оваа држава а стратегиски да не кажеме колку е битно мислам дека е апсурдно да се убедуваме и да водиме толку голема расправа. Јас се залагам тој амандман да не се прифати, а ги молам колегите кои многу ги ценам од ПДП да поднесат еден друг амандман. Па има таму во Буџетот многу ставки од кои можат да се земат тие 40 0 милиони да се дадат на Агенцијата за развиени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 120 .01 ставка 472 потставка 472.026 и на раздел 06001 ставка 423,.потставка 423.017 и во ставката 424 потставката 424.013, поднесен од пратениците Мевљан Таири и Исмет Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 140.01 ставка 426, потставка 426.083 и на раздел 150.01 ставка 443, потставка 443.093, поднесен од пратеникот Ристо Трајков.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ги молам сите пратеници да не излегуваат еве имаме уште неколку амандмани да го завршиме претресот па ќе дадам пауза за ручек.

Има збор г-динот Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Овој амандман го предлагам во Министерството за земјоделие поточно во програмата за поттикнување на земјоделското производство овде износот од 366 милиони предлагам да се зголеми на 566 од повеќе причини.

Првата причина е затоа што аграрот во Република Македонија преставува материјално богатство, а во општината од каде што доаѓам преставува дух. Нема пари во аграрот, нема живот во општината. Сега пред малку расправавме за водоснабдувањето во Велес, во општината од каде што доаѓам 70% од населението сеуште се бања во легени и корита. Овие пари ќе значат еден поттик, едно вложување во делот на аграрот за подобра иднина односно затоа што земјоделците не можат да бидат корисници на социјална помош, критериумот дека барателот на социјалната помош земјоделецот не може да добие социјалната помош ако на свое име поседува 7 илјади $м^2$ во рамничарскиот дел или во ридско планинскиот дел ако има поголема површина од 14.000 м . Затоа што во осумдесеттите години земјоделците плаќаа зелен данок односно екстра данок на раноградинарските производи. Овие пари беа наменети за зелените кредити и за помагање во стопанството и индустријата. Ред е сега и на овие луѓе во моментот да им се врати дел.

Четврто, затоа што има потреба земјоделците да бидат потпомогнати вистински, а не декоративно. Ќе се навратам на оваа декларативното вчерашните дискутанти неколкуте од нив како да плачеа на туѓ гроб, затоа што проблематиката во земјоделието не е присутна, не живеат тие со проблематиката на земјоделците.

Еден сум од тие што сеуште се бавам со земјоделие и криво ми е што сум бил роб на таа помисла дека од земјоделието ќе станам еден ден добро ситуиран човек и добро ќе живеам од земјоделието. Заради тие критериуми го предлагам овој амандман да може да се интервенира

во делот на земјоделието . Бидејќи министерот се изјасни против овој амандман еве јас предлагам ако е можно оваа сума од 200 милиони денари да биде намалена, ако се согласи министерот во меѓувреме, за да не гласаме по амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, по вака преформулираниот амандман да се изјасни министерот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, мора уште еднаш да ве потсетиме што се губи македонскиот аграр во 1997 година од буџетот на државата за оваа година.

Јас вчера кажав дека според планот за тоа колку ќе изнесува буџетската помош за аграрот во 19 97 година, односно планирано е таа помош да изнесува само 678 милиони денари и е за 50% помал од 1996 година и 4 пати помал од 19 95 година, регресите за 1997 година се укинуваат, премиите се укинуваат и едноставно речено земјоделците остануваат празна вреќа во нивата.

Програмата за поттикнување на земјоделското производство г-да пратеници не е програма со која земјоделците земаат понекој скршен денар од државниот буџет туку е програма со која на извесен начин се поттикнува изградбата на минијатурни хидроакумулации низ нашите села потоа се прават некои опити за поголема и попродуктивно производство во селото, се дава расен добиток и ред други работи.

VII/4.-

Сметам дека амандманот на г-динот Ристо Трајков, треба да го прифатиме без секаква резерва.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-динот Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре излегов на говорница да дадам поддршка на амандманот за тоа што мислам и вчера во расправата доста се дискутираше на таа тема ако многу работи кои претходните години како премија или стимулација во земјоделието односно се даваат како такви, ако сега во овој буџет не се предвидени премии и стимулации ценам дека оваа сума од 366 милиони би требало да се зголеми за 100 или 200 милиони за да може на некој начин на земјоделците да им се помогне.

Не би сакал многу да ширам, ги молам пратениците да го поддржат амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Се сомневам во гласањето и барам поединечно да се гласа да видиме кој е з а, кој е против нашиот аграр.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали има 10 пратеници што го подржуваат предлогот?

Еве бројте сами, кој сака да брои.

Ве молам, кој го поддржува предлогот.

(10 пратеника)

Молам, секретарот на поединечно произнесување.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Сакав своето искажување да го кажам пред овој предлог кога г-динот Марјан Начевски предложи да се оди на поединечно гласање.

Имам впечаток дека се игра на одредена карта во овој парламент на која ние пратениците треба на некој начин да потврдиме дека сме бескарактерни луѓе со кои во еден момент ќе гласаме вака, а ако треба да се произнесеме пред јавниот медиум, а посебно од оваа говорница дека ќе го промениме својот став во гласањето.

Ми дојде добро што овој предлог е од г-динот Вељо Тантаров, кој е од мојата парламентарна група за да нема димензија дека во
друга парламентарна група имам одредени политички забелешки. Јас сакав да се јавам и пред малку кога г-динот Начевски побара поединечно гласање но еве сега се јавувам. Морам да кажам дека и вчерашната дискусија во општиот дел дали Владата во целиот контекст и концепт на Буџетот навистина мисли дека е непријател на народот во државата и дека предлага одредени економски мерки кои се против интересот на народот.

Сметам дека не. Зошто? Владата сака да биде успешна, Владата сака да остане подолго време на власт, сака да има резултати, да има квалитет во своето работење. Дали ние како пратеници овде на нашата изборна единица им посакуваме нешто лошо. Сигурно дека не е така. Сакаме да имаме вработување, сакаме да имаме квалитет за што и ние

во овој парламент на некој начин сакаме да го оправдаме своето постоење. Сметам дека во принцип се она што е најумниот предлог ако еднаш сум го дал својот глас со јавно гласање дека секогаш кога некој ќе ме прозива тоа претставува атак з а мене на вредностите и на мојот карактер, а пред се достоинството на човекот, а не само како пратеник. Во таа смисла ќе гласам против овие предлози оти сметам дека е пресија врз пратениците дека треба да ги доведеме во ситуација да не бидат карактерни луѓе со тоа што ќе се однесуваат во парламентот како хомодуплекс. Во таа смисла ќе гласам против овој предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам нема реплики, овде можете да излезете само ако сакате да кажете зошто така ќе гласате.

Има збор г-дин Станковски

Ние, Буџетот, сакале или не пред нова година мора да го донесеме г-да пратеници, па водете грижа за тоа.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас го користам моето право да кажам дека ќе гласам и ќе се изјаснам за, меѓутоа, морам и да укажам дека опозицијата како таква и вчера беше напоменато дека исто така и Владата се труди да направи со и вчерашната дискусија на г-динот Андов беше во тој контекст и на сите други да направиме се овој Буџет и ова стопанство на Македонија условите и околината во која се произведува да бидат што подобри значи дискусиите и размислувањата и на позицијата и на опозицијата се да направиме се, да направиме еден буџет кој ќе биде само за развој на ова а држава и јас така го сфаќам.

Што се однесува до гласањето мислам дека треба да бидеме демократични и да допуштиме секакви варијанти на нашите колеги кои бараат да се изјаснуваме дали поединечно или заедно. Спрема тоа, уште еднаш ако некој има свое убедување нека си го самопотврди.

Има збор г-дин Марјан Начевски.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Со оглед да мојот драг колега Богдановски ме спомна прво јас се сомневав во гласањето бидејќи имаше 29 за тој амандман, а се сомневав дека има 61 пратеник во салата. Исто и сега се сомневам дека има 61 пратеник во салата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, секретарот да помине на поединечно изјаснување.

VII/8.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | воздржан |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | не е тука |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | за |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | не е тука |
| 8. АМДИ БАЈРАМ | за |
| 9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | за |
| 10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | воздржан |
| 11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | не е тука |
| 12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | против |
| 13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | воздржан |
| 14. ИВАН БОЈКОВ | воздржан |
| 15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | воздржан |
| 16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | не е тука |
| 17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 18. КИРЕ ВИДИМЧЕ | за |
| 19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | воздржан |
| 20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | воздржан |
| 22. ТУШЕ ГОШЕВ | за |
| 23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | воздржан |
| 24. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | не е тука |
| 26. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | за |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | воздржан |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | не е тука |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | воздржан |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | за |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | не е тука |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | не е тука |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | за |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | за |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | не е тука |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | воздржан |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | за |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | воздржан |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | воздржан |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | не е тука |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | не е тука |
| 51. РИСТО МАСЕВ | не е тука |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | воздржан |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | не е тука |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | не е тука |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | за |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | воздржан |

VII/10.-

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | воздржан |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | за |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | не е тука |
| ~~70. РУФИ ОСМАНИ~~ | не е тука |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | за |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | за |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | воздржан |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | за |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 78. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | не е тука |
| 79. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 80. АБДУРАУФ ПРУСИ | не е тука |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | не е тука |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | за |
| 85. НАНО РУЖИН | не е тука |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | воздржан |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | не е тука |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | воздржан |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | за |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | за |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | за |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |

VII/11.-

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 98. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | не е тука |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | не е тука |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | за |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | не е тука |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 109. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | воздржан |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 113 ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | воздржан |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | за |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | не е тука |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | воздржан |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | не е тука |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

Дали сите гласаа? (Да.).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласале 72 пратеника.

Од нив, 34 се за,4 против, 34 воздржани.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14001, ставка 444 , потставка 444014 и потставка 444030; член 3 раздел 09002, ставка 471, потставка 471046 и на член 3 раздел 28001, ставка 467, потставка 467014 и на разделот 09002,14001 и 28001 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој амандман на некој начин е во корооperелација со претходниот. се однесува на земјоделие, да се задржат регресите и премиите кои што беа во функција до 1996 година во истиот износ мислам кога веќе претходниот амандман не го усвоивме дај да смогнеме снаги барем со овој амандман да дадеме еден придонес за развој на земјоделството.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 15010 ставка 443, потставка 443077 и раздел 15001 ставка 443, потставка 443026, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 15020 ставка 401, потставка 401021 и раздел 15001, ставка 443, потставка 443085 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас мислам дека министерот не го прифати амандманот, меѓутоа да дадам само едно кратко образложение со неколку реченици. Ние, ако се сеќавате, во овој Парламент донесовме многу закони. Со трансформацијата и промените на општествено економскиот живот создадовме услови да имаме голем број на лица кои се нашле во положба од социјална потреба и тој број достигна до една сериозна бројка што државата најде за засходно да донесе одредени позитивни законски прописи со кои ги зафати тие луѓе сепак да примаат некои материјални примања заради нивниот животен стандард.

Посебно со програмата што ја донесе Владата исто така се зголеми еден број од 80 илјади семејства што порасна потреба на услугата. За мене е сериозна проблематиката во смисла на пренесување на надлежностите во еден орган кој практично со иста квалификациона структура, со ист број на вработени треба да ги подмири сите овие услуги. Во таа насока се најдоа центрите за социјална работа во РМ.. како едни од институции кои се оптоварија на голем број надлежности. Она што помина од заводите за вработувања, тоа значи во глобала преку 80 илјади семејства по фактор 4 тоа значи 240 илјади луѓе. Во меѓувреме дојде до промена на Законот , до измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а тоа дојде до промена и на Законот за социјална заштита, туѓата нега која брои преку 12 илјади лица се префрли во Центар за социјална работа кој треба да ја пружи таа соодветна услуга, војничката помош и т.н. да не ги бројам, многу задачи. Центрите се најдоа во голема криза. Дали може сега да одговорат на надлежноста што и е дадена од ова Собрание преку низа законски

проекти. Во таа смисла јас сум за рационализација, најнормално во јавната потрошувачка, меѓутоа, тоа да не се сфати во апсолутна смисла на зборот заради тоа што одредени институции ги изгубија надлежностите, дојдоа во позиција да се намалат нивните работни задачи. сега се зголемија другите работни задачи во другите институции и јас би го молел министерот да го дообјасни ова. Не сум за зголемување на вкупниот број на маса вработени лица во јавната потрошувачка, меѓутоа да го има во предвид ресорното министерство за труд и социјална политика да биде пофлексибилно, да му се овозможат услови за поместување на одредени работни лица од другите организации кои се наоѓаат во рамките на тоа министерство или евентуално прием на нови вработени лица за да ја извршуваме корисно оваа работна задача. Овој амандман ја има само таа смисла, не бара никакви нови средства, не го нарушува буџетот заради тоа јас предлагам од социјалната програма која треба да се однесува за семејства да помине еден дел од тие парични средства за ново примени вработени во центри за социјална работа со намера услугата да биде многу поквалитетна.

И во таа намера мислам дека министерот ќе ја прифати оваа моја заложба.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Молам, кој бара збор?

Г-дин Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ;**

Почитуван претседателе, драги колеги, јас излегов на говорница, овде колегата Бранко рече, добро да потрошувачкиот дел на Буџетот не се вметне до таа мера за да биде оштетен, е зголемен, нормално. Јас

излегов да дадам само еден практичен пример бидејќи еве се наметна една дискусија сега околу Буџетот . Можеби размислував за некое друго време кога ќе дојде тоа на дневен ред но еве две години не доаѓа.

По поглед на буџетската стапка за Министерството за труд и социјална политика, посебно во овој дел, имам еден практичен предлог како би се зголемила ставката. Ставката би останала иста, меѓутоа корисниците би биле помалку. И тогаш би имале поголема буџетска ставка за овој ресор. Тоа како би се направило. Тоа би се направило само доколку Министерството за труд и социјала биде малку поагилно и само триесетина дена да ги мобилизира трудовите инспектори низ државата и да направи една генерална контрола, буквално фронтална контрола во целата држава и да се утврди бројот на невработени, фактички. суштински вработени за кои што газдите, сопствениците не плаќаат придонеси, не ги пријавуваат и не се одјавуваат како невработени. Тоа е едниот дел и ,

Предлагам измена на Законот за социјална заштита да се воведе еден дел во тој закон кој што би требало вака да гласи, да биде работно ангажирање на социјалците, невработените. Ова мое размислување го кажувам сега, мислам дека е правиот момент од причина што посебно есенскиот дел, земјоделските стопанства кога треба да ги соберат плодовите од полето имаат проблем со работна рака,а од друга страна голем број социјалци кои што примаат по 150-160 марки незадоволни, од друга страна има работници кои што примаат само по 100 марки и тие би требало повеќе да бидат незадоволни затоа што имаат поголеми трошоци од оние што идат на работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 15020 ставка 441, потставка 441236 раздел 09002 ставка 471, потставка 471046 и на раздел 10002 ставка 444 подставка 444057, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 15 020 потставка 443034 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Се работи за измена од техничка природа каде што се бришат зборови. Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16001 по потставката 463027 се додава ставката 467 раздел 06001 ставка 424 потставка 424030 раздел 08001 ставка 463 потстака 463019, раздел

17001 ставка 463 потставка 463027 и раздел 21001 ставка 464 потставка 464090 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Исмет Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Има збор г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ.**

Г-дине претседателе, дами и господо пратеници, мене ми е јасно дкеа има позиција, воедно сум информиран дека во Министерството за образование е веќе интервенирано за изградба на односно изградба, реновирање и унапредување на објекти и училиштен простор и т.н. Меѓутоа во овој случај сакавме да интервенираме за да се подобрат состојбите во ова министерство за да може некој веќе започнати работи да се ефектуираат односно тоа да биде многу поефикасно. Конкретно, сега морам да го изнесам и тоа дека тука се работи за еден проект кој е веќе започнат за гимназијата "Зефљуш Марку". Проектот веќе треба да се подготви и да започнат работите со изградба односно доградба на училишен простор за "Зеф Љуш Марку" и затоа ако веќе се предвидени средства односно во таа сума предвидена е и инвестиција т.е. доградба, затоа што како што реков јас информацијата е дека накнадно е интервенирано со уште 100 милиони од министерството за образование, тогаш, еве тука сум за да го повлечам овој амандман што се однесува за ова т.е. за дополнителни средства со тоа што во тие средства што се предвидени да се динамизира работата околу изградбата на гимназијата Зеф Љуш Марку односно зградата за гимназијата Зеф Љуш Марку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекувате амандманот?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Да.

IX/1.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ: (**Продолжение)

Отворам претрес по амандманот 3 раздел 180.01 ставка 441 потставка 441139 раздел 040.02, ставка 463 потставка 463019 раздел 050.01, стапка 423 потставка 423 106 раздел 080.01 ставка 467 потставма 461.03 раздел 130.02 ставка 463 потстака 463019 раздел 05001 ставка 432 потставка 423106 раздел 070.01 ставка 467 потставка 467.03, раздел 130.02, ставка 463 потставка 463019 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Исмет Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 350 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Повторно се работи за амандман од техничка природа и се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во меѓувреме пратениците Јован Николов, Милчо Трајков и Пецо Стојановски поднесоа амандман на член 3 раздел 120.01 ставка 472 за

внесување нова потставка 472026-а раздел 120.01 ставка 472 потставка 472026 раздел 100.02 ставка 444 потставка 444057 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Силјановски, Александар Гештаковски, Алил Џафероски,Љупчо Мешков, Владимир Соколовски и Мевљан Таири поднесоа амандман на член 3 раздел 020.01 капитални трошоци поставка 468010 раздел 04004, тековни трошоци потставка 444 148 раздел 120.01 тековни трошоци потставка 426 016, раздел 280.01, капитални трошоци потставка 467014 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Алил Џаферовски, Рубинчо Белчевски, Димче Настевски и Јордан Божиновски поднесоа амандман на член 3 раздел 120.01 ставка 472 за внесување нова потставка 472026-а раздел 040.02 ставка 463 потставка 463019 ставка 464 потставка 464090 раздел 120.0 ставка 472 потставка 472026 раздел 100.02 ставка 444 потставка 44405 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 3 раздел 280.01 ставка 467 потставка 467014 раздел 100.02 ставка 444 потставка 444057 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Начевски поднесе амандман на член 3 раздел 100.02 категорија 1 тековни трошоци 100 поткатегорија 44 ставка 444 потставка 444057, и раздел 16020 категорија 1 поткатегорија 42 ставка 427 потставка 427136 по кој Владата не се произнела

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 1120.01 стапка 472 за внесвуање нова потстапка 472026-а раздел 120.01 ставка 472 потставка 472026, раздел 100.02 ставка 444 потставка 4441057 поднесен од пратениците Јован Николов, Милчо Трајков и Пеце Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, изградбата на хидросистемот Лисиче е почната 1988 година, а изградбата на Браната Лисиче 19 9 0 година. Граѓаните на Велес плаќаат самопридонес 8 години. Месечно сега се прибира околу 120 илјади марки значи годишно 1,5 милиони марки. Браната што треба да биде треба да биде висока 60 метри, досега е изградена околу 20 метри. За доградба на браната кќе бидат потребни од 30 до 40 милиони марки. Бидејќи граѓаните од Велес годишно прибираат околу 1 милион и 500 марки значи нам ќе ни треба 30 години да ја изградиме оваа брана. Затоа ве молам, без поддршка на државата не може да се изгради оваа брана па пратениците да гласаат за амандманот.

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Почитуван претседателе, господине минстре дами и господа пратеници,

Сакам да се приклучам кон оние пратеници кои се подносител на амандманот од една едноставна причина што сметам дека треба малку да ја промениме нашата колективна пратеничка свест, кога се работи за проблеми кои се од градски интерес во поедини градови на РМ. Се разбира, дека Македонија е во тешка финансиска криза и дека овој Буџет не е случајно така оформен како што е предложен на Парламентот Ако ние сите поагаме од нашите поединечни интереси, оправдувајќи ги нашите интереси кои се должат на нашите изборни бази ние запаѓаме во еден ќорсокак, бидејќи стануваме жртва само на еден локал патриотски интереси, занемарувајќи ги и вкупните интереси на државата Македонија

и приоритетните интереси на оние градови каде што постојат сериозни проблеми. Ако го анализираме проблемот на водоснабдувањето на Градот Велес на изградбата на хидросситемот Лисиче која започна повеќе од 8 години ако ги земаме предвид повиците и апелите на еколошките друштва кои што укажуваат дури хемиски загадената вода за пиење во градот Велес предизвикува дури и хератогени дејства, односно раѓање на новородени деца со телесни и душевни малформации ќе дојдеме до ситуација дека моментално водоснабдувањето на градот Велес претставува еден голем проблем на нашата држава и е поприоритетната листа можеби и на прво место. Заради тоа мислам дека не треба да ги ставаме во преден план само нашите градски интереси, еве јас сум од Охрид и се разбира дека пред се би го ставил проблемот на магистралниот пат од Охрид спрема Албанија, коректорскиот систем, сообраќајната инфраструктурна мрежа итн.

Мислам дека нашиот Парламент и нашата извршна власт треба да ги постават проблемите со приоритетна листа и заради тоа земајќи ги сите овие фактори во предвид ке гласам за овој амандман.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Се разбира дека право е на министерот дали ќе даде некое образложение кои се причините поради кои н е го прифаќа амандманот или нема да даде, меѓутоа јас мислам дека би било добро да слушнеме од Владата кои се причините поради кои не се прифаќа амандманот. Дали затоа што се нарушува концепцијата и реструктивниот приод на Буџетот во последната година, или пак е во прашање разделите од каде треба средства да се земат за да се префрлат на оваа стапка.

IX/5.-

Доколку се работи за првото јас се согласувам дека Буџетот можеби треба да биде уште порестриктивен од овој што е меѓутоа, земајќи ги во предвид тоа што се случуваше во текот на оваа тековна година, работите поради кои лично јас и повеќе пратеници од мојата пратеничка група бевме доведени во ситуација да поставуваме пратенички прашања поради недомакинството и нерационалното однесување на некоиминстерства и министри од Владата за купување на скапи и луксузни автомобили, трошење многу средства за опремување на кабинетите, набавување на скапи телефонски централи, купување на скапи уметнички слики, килими итн., мислам дека Владата треба да сфати дек од здравјето на луѓето во случај во Велес, нема ништо поважно, затоа што слушнавме вчера од информацијата која беше дадена на телевизискиот дневник во текот на вчерашниот ден се случи една голема еколошка катастрофа поради испуштање на големи количини на сулфурна киселина во водите на Реката Вардар во непосредна близина на Рени бунарите од каде што по пат на филтрација и во текот на летните, пролетните и есенските месеци пијат вода граѓаните на Велес. Што значи дека ништо друго не може да биде поприоритетно од здравјето на луѓето и во таа смисла Владата треба да покаже поголема ширина, да не мисли дека е ова само локален проблем, туку дека е проблем од огромно значење за голем број на граѓани и да направи таква прераспределба на средствата за да не се наруши основната концепција и рестриктивниот приод на Буџетот а сепак сите да бидат задоволни.

**ТАКИ ФИТИ:**

Мислам треба да објаснам што е суштината на проблемот. Далеку е од тоа јас да не сакам да помогнам во конкретниот случај на општина Велес. Проблемот го знам јас и мислам дека го знаев во основа

проблемот го знам и јас и мислам дека го знае во основа секој граѓанин на РМ, бидејќи навистина станува збор за екологија станува збор за проблем што е врзан со здравјето на луѓето итн. Меѓутоа овде имаме работа со рационалност, со строги рестрикции кои што мораме да ги спроведеме оваа година за да едноставно стопанството земе малку здив. Јас размислував. Видете што се случува. Еден амандман доаѓа за оваа намена, доаѓа друг амандман со 90 милиони за Студенчица, доаѓа трет амандман за собраниската зграда итн. Сигурно дека се потребни и тој тип на инвестиции. Меѓутоа,с е наоѓа во период што овие реструкции мораме да ги направиме, во период кога времето и годината навистина не е за овој тип на инвестиции. Не сакам пошироко да образложувам, и не само за овој тип на инвестиции и оние другите од стопанска инфраструктура не се годините повеќе во РМ, имајќи го предвид фактот степенот на задолженост фактот дека дел од нив не е само исплатливи и не враќаат средства. Овде се работи и за друго. Меѓутоа, основниот проблем е што ќе дојде со сериозни нарушувања во структурата на Буџетот и ќе се загрози концептот на Буџетот онака како што е планиран во согласност со основите на фискалната политика, како една од најбитните макроекономски функции на државата. Верувајте само тоа е причината. Нема никаква друга причина тоа да не се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кон е за, молам да крене рака. (30)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

IX/7.-

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Го молам претседателот да видиме дали има кворум и барам поддршка од 10 пратеници за гласање поединечно за амандманот.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Прво да видиме дали има поддршка предлогот.

Десет пратеници го поддржуваат предлогот.

Молам секретарот да прифати на поединечно изјаснување.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници, јас не сакам да пвоторувам некои дискусии пред малку што ги кажа г-динот Богдановски но навистина се доведуваме во многу незгодна ситуација дека во салата некој е морален а некој е неморален. Ние четворицата пратеници од Прилеп нашиот амандман го поднесовме за да се сфати сериозноста во ненарушувањето на буџетот. Бидејќи исто онолку колку што на Велес му е потребно вода, многу повеќе е потребно за системот Студенчица кој што снабдува 4 општини со вода и некаде околу 200 илјади жители. Ние тој проблем го решаваме на малку поинаков начин. Оваа година ќе се земе кредит од една израелска фирма во вредност од 5 милиони марки, а тоа нема да оди така безизлезно, бидејќи секој кубик вода ќе чини некаде денар до денар ипол поскапо од сега колку што чини, за да може да се исплати таа инвестиција, бидејќи водата веќе станува економски фактор, не на одреден начин да можеме да го решаваме на ваков начин. Зошто комуналното претпријатие од Велес кој што е носител на инвестицијата не земе кредит и овие потреби ги покрие со кредит, бидејќи тоа на одреден начин ќе се исплати лично јас би помогнал на сите системи за водоснабдување, бидејќи ние во Прилеп најдобро ја знаеме ситуацијата со водоснабдувањето и најмногу и најтешко од сите

ја имаме почувствувано во последниве години. Но до ден денес од Буџетот нема издвоено средства, она што е издвоено од самопридонес и она што се зема од средствата од граѓаните во плаќањето на водата, а за системот Лисиче секоја година, јас веќе две години гласам за буџетот каде што се издвојува средства и на одреден начин задоволуваат некој потреби. Поради овие причини јас кажувам дека не сум човек со двоен морал при гласањето да бидам едно, односно да гласам против или воздржано, против нема никогаш да гласам, а сега при поединечното гласање да бидам за. Ве молам г-до пратеници, колеги да не се доведуваме овде во ситуација дека е некој со поголем или со помал морал од другите во салата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Одиме на поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ, ПРИЛОГ:**

# СПИСОК

## на пратеници во Собранието на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | воздржан |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | за |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРГИ АТАНАСОВ | воздржан |
| 8. АМДИ БАЈРАМ | не е тука |
| 9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | воздржан |
| 10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | воздржан |
| 11. МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | не е тука |
| 12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | против |
| 13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | за |
| 14. ИВАН БОЈКОВ | воздржан |
| 15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | за |
| 16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | воздржан |
| 17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 18. КИРЕ ВИДИМЧЕ | не е тука |
| 19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | не е тука |
| 20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | воздржан |
| 22. ТУШЕ ГОШЕВ | воздржан |
| 23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | не е тука |
| 24. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | не е тука |
| 26. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | не е тука |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ не е тука
30. МИРКО ИВАНОВ воздржан
31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ за
32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ не е тука
33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ не е тука
34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ воздржан
35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ воздржан
36. ЗЕЌИР КАДРИУ не е тука
37. ЗВОНКО КАРОВ против
38. ИЛИЈА КАРОВ за
39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ за
40. БОРИС КОСТАЌЕВ не е тука
41. СЛАВКО КОТЕВСКИ воздржан
42. МАРЈАН КОТЛАР за
43. АЦЕ КОЦЕВСКИ за
44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ не е тука
45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА за
46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ не е тука
47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ за
48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА за
49. НАЗМИ МАЉИЧИ не е тука
50. РИСТО МАРКОВСКИ не е тука
51. РИСТО МАСЕВ не е тука
52. ЉУПЧО МЕШКОВ за
53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ за
54. ПАНЧО МИНОВ за
55. ДРАГАН МИТЕВСКИ воздржан
56. ИЛИНКА МИТРЕВА воздржан
57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ не е тука
58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ воздржан
59. ФЕРИТ МУСОВСКИ не е тука
60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ за
61. ПАНЧЕ НАСЕВ за
62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ воздржан

3.-

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | воздржан |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | не е тука |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. | |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | не е тука |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | не е тука |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | не е тука |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | за |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | за |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 78. НИКОЛА-Г-ПОПОВСКИ | не е тука |
| 79. НИКОЛА-Р-ПОПОВСКИ | за |
| 80. АБДУРАУФ ПРУСИ | не е тука |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | за |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | воздржан |
| 85. НАНО РУЖИН | за |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | не е тука |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | не е тука |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | воздржан |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | не е тука |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | за |
| 92. НАЌЕ СТО ЈАНОВСКИ | против |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 95. БЛАГОЈ СГЕФАНОВСКИ | за |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | за |

4.-

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | за |
| 98. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | не е тука |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. 30РЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 103. НИКОЈШНА ТРАЈАНОСКА | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | воздржан |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | за |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | против |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | не е тука |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 109. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | воздржан |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 112.ЌЕНАН ХАСИПИ | за |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | не е тука |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | за |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | не е тука |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | не е тука |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Гласаа за 68 пратеници.

39 пратеници гласаа за.

4 пратеници се против.

2 пратеници се воздржани.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 12001 ставка 472, за внесување нова потставка 472026-а, раздел 04002, ставка 463, потставка 463019, ставка 464, потставка 464090, раздел 12001, ставка 472 потставка 472026, раздел 10002 ставка 444 потставка 444057, поднесен од пратениците Алил Џафероски, Рубинчо Белчев, Димче Настоски и Јордан Божиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 28001 ставка 467 потставка 467014 раздел 10002, ставка 444 потставка 444057, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас сега предложив еден порационален амандман во однос на Агенцијата за неразвиени. Таму тоа што го предлагавме под оној раздел што се однесуваше за пругата Бељаковци - бугарска граница 400 милиони, јас најдов за сходно порационално тоа да го предложам да

биде од стоковите резерви, бидејќи не задира никого. Таму предвидов 260 милиони да бидат пренесени на Агенцијата, со она образложение што беше прифатено и од мене, од групата пратеници од ПДП и другите пратеници кои дадоа поддршка заради потребата за подобрува- ње на целокупната инфраструктура во Македонија.

Во таа насока јас предложив еден ваков амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 10002, категорија I - Тековни трошоци, поткатегорија 44, ставка 444 потставка 444057 и раздел 16020 категорија I, поткатегорија 42, ставка 427, потставка 427136, поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (32 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пратеникот Благоја Сиљановски, Александар Гештаковски - Алил Џафероски, Љупчо Мешков и Владимир Соколовски поднесоа амандман на член 3 раздел 02001 потставка 468010, раздел 02001, потстав-

ка 46019 раздел 02001, раздел 10002, потставка 444057 и раздел 10 002, по кои Владата не се произнела.

Истовремено пратениците го повлекоа амандманот број 3951/30.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 02001 потставка 468010 раздел 02001 потставка 46019 раздел 02001 раздел 10002 потставка 444057 и раздел 10002, поднесен од пратениците Благоја Сиљановски, Александар Гештаковски, Алил Џаферовски, Љупчо Мешков и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Со оглед на тоа што овој амандман го имаат поднесено шест пратеници од три пратенички групи: Либерална партија, СДСМ и ПДП, и покрај тоа што министерот не го прифати, јас мислам дека овој амандман ќе се прифати, меѓутоа сакам да кажам за што станува збор.

Со овој амандман за опремување на Собранието, односно на оваа и другите сали се бара да се одземат средства од Агенцијата за стоковни резерви околу 130 милиони денари. Мислам дека ќе биде направена една голема грешка и глупост затоа што се одземаат средства од една дирекција која е задолжена во име на нашава држава да врши откуп на земјоделски култури....

Ве молам господине Тантаров немојте да ја прејудицирате волјата на пратениците како глупост.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Се извинувам тогаш.

Оваа дирекција врши откуп на земјоделски култури за кои државата го гарантира откупот. Со намалување на овие 130 милиони може да се случи идната година да немаме откуп на пченица и тутун кои што се ставени во култури со гарантирани цени. Мислам дека амандманот треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (40 пратеници).

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (10 пратеници).

Молам да провериме колку пратеници има во салата, бидејќи според тоа како е гласано 52 пратеника треба да бидат во салата.

Ме известија дека во салата се присутни 73 пратеници. Според тоа некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници бидејќи се сомневам во ова гласање, барам поддршка од 10 пратеници, бидејќи се сомневам во гласањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има 10 пратеници кои го придржуваат предлогот? (Нема).

Предлогот не се прифаќа бидејќи само четири пратеници гласаа за.

XI/1 ПЈ/ЛБ

Пратениците Ризван Сулејмани, Љупчо Беличев и Вељо Тантаров поднесоа амандман на член 3, раздел 28001 потставка 4167014 раздел 10002, потставка 4144057 по кој Владата не се произнела. Отворам претрес по амандманот

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Девет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на буџетот

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на буџетот на РМ за 1997 година го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Кој се воздржува од гласање, молам?

Седум пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе буџетот на РМ за 1997 година. (аплауз)

( Пауза од половина час)

(По паузата)

Минуваме на точка два.

Предлог за донесување на закон за извршување на буџетот на РМ за 1997 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон, за извршуваше на Буџетот на РМ за 1997 година.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака.

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше ? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 13 за додавање нов став 2, член 29 и на член 31 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 4,22,член 24 и член 29 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандман на член 18, член 23 и на член 24 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Звонко Каров, Николина Трајановска и Слободан Најдовски поднесоа амандман на член 30 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен од ЗПК

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојановска има збор, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, Владата го прифаќа овој амандман

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор.

Г-дин Лазаров има збор.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, да објаснам зошто се работи во овој амандман. Се однесува за трансферите до јавните гласила, односно за весници, списанија кои се партиципираат од Владата односно од

државата досега таа одлука ја носеше Владата . Предлагам одлуката за партиципација да ја носи Собранието. Немам ништо против и го поддржувам партиципирањето на јавните гласила, меѓутоа, мислам дека е подобро за самите гласила таа партиципација, таа одлука да ја носи Собранието од причина што самите гласила ќе станат помалку зависни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Четворица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, овој амандман не се прифаќа од причини што тоа треба да се уреди со овој закон, тоа си стои во Законот каде што

се уредува кој ја донесува програмата за патишта.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Амандманот се однесува само на додефинирање на членот во Законот, бидејќи и така оваа програма ја носи Собранието. Ништо не менува суштински, меѓутоа, да го додефинира, така што и да се усвоеше немаше ништо да пречи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Шест пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 4 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе,

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 24 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Лазаров има збор.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници овој амандман го предложив од оние причини што ги имавме пред малку кога го усвојувавме буџетот, односно кога расправавме за амандманот на нашите колеги од Титов Велес. Се работи за програмата за изградба на водоводи, кои што сега по овој предлог ја носи Владата, меѓутоа, ценам дека е многу подобро и поцелисходно ако Собранието ја носи таа програма. Ние како пратеници ќе се заложиме за порамномерен регионален развој на водоводната мрежа и нема да правиме водоводи само кога се изборите, туку ќе правиме за целиот тој мандат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара ЗБОР? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. Четири пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 30 поднесен од пратениците Звонко Каров, Николина Трајановска и Слободан Најдовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

И овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? . (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржлива од гласање ?(еден пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за извршување на Буџетот на РМ за 1997 година.

Минуваме на точка 3,

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Кој е за вака предложениот заклучок, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман за бришење на член 6 по кој Владата не се признела.

Пратеникот Љупчо Мешков поднесе амандман за бришење на член 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман за менување на член 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член б поднесен од ЗПК и пратеникот Љупчо Мешков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА :**

Овие два амандмана се прифаќаат бидејќи се однесуваат на член 6.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Минуваме на точка 4

Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1997 година, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор,, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1997 година.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес, и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 6 за додавање нов став 3 по став 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Драга Георгие, Александар Гештаковски, Ване Наумовски, Ристо Масев , Борис Павлов и Вељо Тантаров поднесоа амандман на член 4 став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен о пратениците Драга Георгиев, Александар Гештаковски, Ване Наумовски Ристо Масев, Борис Павлов и Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1997 година.

Минуваме на точка 5.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор, (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандман на член 9 за додавање нова точка2 по точката 1 и тоа е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 9 за менување на воведната реченица на точка 1 и за менување на точка 7 и на член 9, точка 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Алил Џаферовски поднесе амандман на член 9 точка 2, тарифен број 2, по точка 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 9 точка 2 тарифен број 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на воведната реченица на точка 1 и за менување на точката 7 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 точка 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА :**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 точка 2 тарифен бр. 2 potточка 3 поднесен од пратеникот Алиу Џаферовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 точка 2, тарифен број 3, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Еден од колегите ме предупреди дека амандманот секако нема да биде усвоен и дека залудно ќе биде објаснувањето, но сепак би сакал да укажам не неколку работи. Имено амандманот се однесува на утврдената акциза која треба да се пресметува во иднина за пивото. Имено, сите знаете досега беше таа изразена во проценти  50%, а сега се предлага во номинална вредност 15 денари по литар. И мојот амандман се однесува на намалување на вредноста на 11 денари по литар. Јас во образложението накратко ги кажав причините кои се заради што го предлагам овој амандман, но би сакал уште со неколку зборови да го кажам следново:

Прво, две нелогичности од вчерашната расправа и денес што продолживме ми се наметнуваат. Имено вчера од оваа говорница беше речено при воведното излагање за буџетот дека во следнава година ќе се оди на порамномерно растеретување на стопанството и урамнотежување на даночните стапки.

Втората нелогичност која што исто така и пред малку со усвоениот амандман е значително се намалуваат акцизите за цигари, а се зголемуваат акцизите за пиво. Прво, изгледа ќе бидеме земја со најниска акциза за цигари, а ќе бидеме убедливо земја со највисока стапка

на данок или акциза за пиво. Јас ве убедувам и оние што не знаат можат слободно да прочитаат некаде до 1990 година само поранешна Југославија и Јапонија во светот имаа данок на пивото поголем од 2%, затоа што во најголемиот број на држави пивото е сместено во прехранбените производи, а само реков поранешна Југославија и Јапонија имаа данок повисок од 2%.

Втората нелогичност која што овде ја гледам е во самото образложение кое што го дава предлагачот на законот, имено вели: заради задржување на постојните приходи од акцизата на пиво се предлага акцизата да се зголеми со овој износ кој што сега се дава овде. Јас прашувам ако сакате да ја задржите на исто ниво, да ги задржите приходите од пиво зошто тогаш ја зголемувате акцизата. Мислам дека предлагачот овде води една погрешна политика и од еден аспект мислам министерот за финансии кој што не е присутен разговаравме кога се носеше царинскиот тарифник пред неколку месеци овде. И тогаш рековме дека доколку сакаме да го заштитиме пивото во Република Македонија е некаде очекувана стапка од 50% царинска стапка. Сепак се договоривме и рече дека е премногу тоа, се договоривме некаде на 35%. И образложението кое што сега предлагачот го дава е дека не може да си ги собере парите од акциза по пиво. Имено, тука треба да бидеме јасни и да се излезе пред јавноста со следново. Не можат да си ги соберат парите од увозот на пиво, од увозното пиво. Јас ви гарантирам и убеден сум дека можеби, велам можеби и во домашното производство има да не можете да си ги соберете парите. Но тоа е минимален процент да не претерам од 2 до 5%, а вие н еможете да си ги соберете парите од увозот на пиво, а ќе ви кажам зошто. Затоа што имавте увоз на пиво кое што беше царинето и оданочувано по цена од 10 фенинзи. А како тоа го овозможија си знаете самите бидејќи дозволувате со плаќање во странство во готово во кеш. Заради тие причини не доаѓа пиво со цена

од по 10 фенинзи фактурирано на таа цена го царониме и на таа цена после се става акцизата. Со стапката која што јас ја предлагам 11 ден. Имено, сметам дека останува оној дел каде што од предлагачот се вели: Ќе се задржат постојните приходи од пиво повторно државата да ги има. Имено моментално малопродажната цена на пиво се движи од 14 до 18 денари. Што значи дека домашниот производител плаќа обавезно акциза некаде околу 5,5 до 6 денари. Сега со оваа стапка која што вие ја предлагате тоа значи по 7,5 денари на секое шише од пола литар ќе има акциза. Тоа ќе значи дека ние не ќе можеме во малопродажба да имаме пиво за помалку од 17,18 денари. Основните трошоци да ги покријат пиварите и да ја платат акцизата која што вие ја предлагате ќе не можат да имаат пониска цена од 17,18 денари. Сега кажете ми ја логиката која е цигарите толку да падне акцизата. Инаку јас дневно трошам по три пакети цигари така што не сум и од тоа незадоволен, но кажете ми ја логиката која е да ја намалите толку акцизата на цигарите и да го прифатите претходниот амандман, а да не го прифатите амандманот со кој што воопшто нема да ви се намалат приходите колку што беа оваа година, туку напротив ако толку сакате да заштитите од увозното пиво можете на едноставен начин. Ќе предложите измена на царинската тарифа, ќе хја зголемиме царинската стапка на пиво и со оваа стапка која што јас ви ја предлагам од 11 денари ќе го постигнете истиот ефект. Мислам дека во спротивно навистина при стопански субјекти во Републиката каде што има некаде околу 2000 вработени ќе ги доведете во една незавидна состојба. Нашето пиво не само што нема да биде конкурентно на странскиот пазар,ќе се доведеме во ситуација да пиварите навистина не ќе можат да произведат, да обезбедат средства. Јас уште еднаш би ве замолил преиспитајте ја оваа стапка која што ја предлагате, а многу ви е лесно да од таму ги соберете парите директно од производителот, затоа што не можете да обезбедите контролата во

трговијата и заради тоа сега на овој начин се оди директно на штета на пиварите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход.

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(61 пратеник)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Здравко Стојковски, поднесе амандман на член 4 за додавање нов став 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ваков амандман јас имав поднесено и минатата година кога го донесувавме овој закон и мислам дека добро би било да го чуете и треба да се прифати. Во членот 4 по ставот 3 да се

додаде нов став 4 кој ќе гласи: Месечната просечна плата по работник за работните места кои имаат стаж со зголемено траење се утврдува со коефициентот на зголемено траење на работниот стаж. Еве го образложението. Се предлага од причина што работодавецот плаќа придонес за работните места со зголемено траење на стажот со што веќе еден е оптоварен со плаќаше на парични средства за месеците на бенефициран стаж на работникот во годината. На пример, ако работното место има стаж со зголемено траење односно 12 со 18 месеци месечната просечна плата треба да се утврдува на тој начин што истата треба да се подели со коефициентот на стажот со зголемено траење а не со редовниот стаж на осигурување. Ако работникот има вкупна годишна заработувачка од 120 илјади денари месечната просечна плата изнесува 10.000 денари. Меѓутоа ако за работното место на кое работникот работи е утврден стаж на осигурување со зголемениот траење од 6 месеци кога вкупната годишна план се подели со 18 месеци месечната просечна плата на работникот би изнесувала 6.666 денари и таа месечна просечна плата треба да се земе како даночна основа на работникот при пресметувањето на персоналниот на данок на работникот односно работодавецот. Мислам дека од тоа појасно здравје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?(58 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход.

Минуваме на <u>точката 7</u> - <u>Предлог за донесување а закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(63 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот.

Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги со Предлог на закон.

Предлогот аз донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието го предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?(66 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 5 став 1 и на член 15 став 2 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 8 став 2, член 16 и за бришење на член 17 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Санде Џамбазовски, поднесе амандман на член 2 за менување на воведната реченица и на член 3 став 1 за додавање нова точка 8 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски, поднесе амандмани на член 17, член 39 став 1 точка 2 и на член 38 став 2 точка 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на воведната реченица поднесен од пратеникот Санде Џамбазовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман, бидејќи е во полза на земјоделците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 за додавање нова точка 8, поднесен од пратеникот Санде Џамбазовски.

Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така и овој амандман се прифаќа, бидејќи е во корелации со претходниот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 , поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАОВА:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата а се произнесе.

XIII/2.-

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 1, точка 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:;**

Овој амандман не го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со повеќе измени интервенции што е нормално во овие законски проекти предвидена е една измена која не можам да ја прифатам се надевам вие ќе ме поддржите бидејќи се работи за досегашната бенефицирана или привилегирана стапка на данок на детска облека и обувки, од оданочени со 5% да биде исклучена од таа категорија и да биде практично во согласност со сите други категории оти секаде во светот детска облека и обувки и се што е наменето за децата имаат една бенефицирана стапка. Ако земеме предвид дека овој вид на производи и те како ни се скапи од многу причини мислам дека треба да се задржи постојната стапка од 5%, не барам друга измена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 2 точка 1, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници ќе ве замолам овој пат за малку поголемо внимание. Се работи за една привидно мала интервенција, но со далекосежни негативни последици за стопанството. Три вида на услуги се оданочуваат досега со различни стапки. Десет, тоа се сите видови на услуги, 25 каде се специфични услуги и многу ретки, а тоа се услуги на посредување, на застапување, комисиони и агенциски услуги и највисока стапка од 35% со која се оданочуваат игри на среќа со автомати итн. Законодавецот предвидува единствена стапка од 13% со образложение дека на тој начин се одбегнуваат високите стапки од 35 и 25%. Тоа се стапки кои се многу ретки. Се она во државата што значи услуга до сега оданочена од 10% ќе се зголеми на 13%. Значи, наместо растоварување на стопанството, наместо пружање услови за релаксација ние воведуваме, на мала врата, дополнителен данок на услуги од 3%, па ако сакате да го усвоиме така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот со амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

XIII/4.-

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (57)

Дали е некој против? (2)

Кој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот на данокот на промет на производи и услуги.

Преминуваме на деветтата точка од дневниот ред Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Закнот за данокот од добивка.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бар аз бор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 12 во новиот член 31 за додаваше нов став 5 и на член 25.

Пратеникот Бранирод Михајловски поднесе амандман на член 5 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски, поднесе амандман за менување на член 11 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членот 5 поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Навистина со законот за добивка имаме полно погодности за нестопанските дејности, но сметаме дека во моментот овој амандман не ќе можеме да го прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Професорот Ванглов во една своја претходна дискусија зборуваше за рационални парламентарни и емоционални критериуми при определувањето на пратениците за поодделни амандмани. Јас сега се

повикувам на тој рационален критериум и сметам дека покрај другите дејности кои се наведени овде во член 5 а тоа се културата, науката, здравството, и меѓународниот спорт логично следува и образованието како едно од општествените дејности кои треба да ги ужива овие погодности можеби финансиски изразени не толку големи кои би ги уживале со овие измени во член 5 останатите општествени дејности.

Само за напомена да кажам дека на Запад овие погодности во голема мера и масовност се користат посебно во образовната сфера и само за илустрација и во основните и во средните, а посебно на високообразовните институции, донаторството и спонзорството, и те како претставува значајна ставка во финансирањето на образовните институции.

Затоа апелирам до пратениците и образованието да го ставаат во една рамноправна основа барем кога се работи за спонзорството и донаторството со останатите општествени дејности.

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (26)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 11 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Со овој амандман фактички се бара постојната стапка на данокот на добивка која е 30% да се намали на 8%. Ние во текстот кој денеска е на дневен ред на Собранието предлагаме стапката на данокот на добивка да изнесува 15% што значи ја намалуваме за 50% од постојната стапка.

Исто така во овој закон има една многу важна поволност за стопанството, бидејќи досега само 30% од реинвестираната добивка се ослободуваше. Сега може и 100% од реинвестираната добивка да не се плаќа данок. Мислиме и сите други поволности што ги нуди овој закон како тест што го имате денеска на дневен ред сметаме дека е доволен, дека ќе придонесе од една страна реално да се искажува добивката од друг страна стопанството во реинвестирањето на таа добивка има одредени повластици поради тоа сметаме дека овој амандман вака како што е предложен не треба да се прифати и Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојановкси.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагачот е сосема во право кога зборува за низа погодности во однос на досегашната состојба. Меѓутоа, со овој амандман сакам да и пружам шанса на Владата еднаш радикално да пријде кон она што значи сигурни зафаќања од сите субјекти што во краен случај ќе ја полнат касата на државата или овој буџет. Нека се надмине себе си Владата, нека не биде оптоварен а дека намалувањето од 30 на 15% е значајна бројка, нека ја прифати оваа бројка од 8% верувам дека во Буџетот идната година по овој основ ќе се влејат значителни средства кои во позитивна насока ќе биде изненадена и Владата.

Втора димензија на овој мој предлог. Зборуваме дека во проценти над 90% приватизацијата е завршена. Зборуваме веќе за дивиденди Дајте да овозможиме простор и можност во претпријатијата кои предничат во тој поглед кој во оваа прва фаза, ја надминаа првата подготвителна фаза да им овозможиме на еден ваков начин макар симболично идната година да им поделат на своите акционери дивиденди и практично целиот процес на приватизација добие своја материјализација и сатисфакција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 во новиот член 31 за додавање нов став 5, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го закучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дек Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман бидејќи е допрецизирање на членот 25. Бидејќи во членот 25 се смета на постојниот член 31 или членот 12 кој е во текстот за измените. Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес со текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

XIII/9.-

59 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Молам, колку пратеници се присутни во салата.

(доволен број)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот на данокот од добивка.

Преминуваме на 10-та точка од дневниот ред. Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Звонко Каров

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и госдпода, претставеници на Владата.

Самите промени во Стопанскиот систем кои започнаа во Републиката и кои со еден задоволителен број политички субјекти го држат курсот на пазарниот начин на стопанисување. Очекував по овој предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет земе учество и претставникот на Владата, доколку во дообјаснувањето на самите измени повеќе во тоа кои би биле носителите на платниот промет имајќи ја предвид проекцијата на макроекономската политика во втората половина од 1997 година.

**ЗВОНКО КАРОВ:** (Продолжение)

Самите промени во стопанскиот систем условија и организационо структурирање и приспособување на делот комерцијалното банкарство да се организира на начин кој што би овозможил непречено организирање на работата на платниот промет како носител на платниот промет, впрочем како носител е регулиран и е во самиот закон за вршењето на платниот промет.

Мислам дека оптимално во функционирањето на платниот промет без да се наруши ниту брзина, ниту ефикасност во водењето на платниот промет, а дел од комерцијалното банкарство веќе во состојба тоа да го прави без да се нарушат некои уравнотежувања, без да се наруши ефикасноста во вршењето на платниот промет на учесниците, било тоа да се домашни, било да се тоа странски и правни лица кој вршат регистрирана дејност и плаќањето го вршат во денари каде што имаат отворено свои сметки е носителот на платниот промет, а тоа нема да смета да биде и кај делот комерцијалните банки. Се разбира во нашиот систем е присутна и комплетната санација на банкарскиот систем, меѓутоа дел од банките веќе и статусно - имотно се во можност тоа да го почнат и во текот на 1997 година имајќи предвид дека уште со донесувањето на законот за платниот промет секоја година се одолговлечува функцијата на банката како носител на платниот промет. Тоа се прави и за 1997 година, што значи предложените измени за деловните банки како носители на платниот промет се одлага за 1 јануар 1998 година.

Јас би повторил дека дел од комерцијалните банки можат да обезбедат единствена приемна на прописите во водењето на платниот промет, можат да овозможат слободно движење на капиталот, слободно

движење на паричните средства, можат да овозможат рамноправност и еднаков третман на учесниците и во обезбедувањето на интересите на учесниците во платниот промет како и заштита на интересите на учесниците во платниот промет и, се разбира, брзо и економично и сигурен пренос на средства како и приспособено работно време спрема потребите на учесниците на платниот промет.

Очекувам претставникот на Владата да даде едно појаснување дали се останува на она видување кога макроекономската политика на 17 декември беше усвоена со тоа да дел од комерцијалните банки веќе почнат да вршат платен промет и ако е тоа така тогаш би предложил на Собранието да при усвојувањето на овој Предлог на закон за измена и дополна на платниот промет Министерството за финансии во соработка со Заводот аз платен промет се обврзе онака како што дозволува времето, најверојатно во втората половина на 1997 година да одреди деловни банки , според моите сознанија тоа треба да бидат две една во Скопје и една во внатрешноста како пробен пилот за стекнување на експериментално искуство кое што практично со овој Предлог на закон ќе почне да функционира од 1 јануари 1998 година.

**ПЕТКОВСКИ.**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет.

Кој е за молам, да крене рака? (58)

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

XIV/3.-

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам, да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Нема?

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман за додавање нов член 1-а со кој се согласил претставникот на Владата и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по 1 амандманот на член 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи овој амандман допринесува за допрецизирање на членот 3, Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за платен промет.

Единаесетта точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994, 1995 и 1996 година со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

XIV/5.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993,1994,1995 и 1996 година.

Кој е за, молам да крене рака? (64)
Дали има некој против? (Не)
Дали некој се воздржува од гласање? (Не)
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес?

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 и на член 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 3 за додавање нов став 1, по кој Владата не се произнела.

XIV/6.-

Пратениците Вељо Тантаров, Драган Георгиев, Санде Џамбазоски, Алил Џаферовски, Борис Павлов и Славко Котевски поднесоа амандман за внесување нов член 3-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи со овој амандман се допрецизира член 1 Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто и амандманот на член 2 Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 1 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман бидејќи позицијата предвидена во Буџетот кој што пред малку Собранието го изгласа не се предвидени вакви финансиски средства.

XIV/7.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека Владата е однапред спрема да го одбие овој амандман, макар да има своја Практична вредност овој амандман. Досега неколку години го имаме овој Закон, го применуваме и сега ако направиме некоја математика со она што е внесено во самиот закон, ќе не убеди дека треба големи пари за да го измериме овој закон, за една ваква обврска. Меѓутоа ја с лично сметам дека ова е малтретирање на самите граѓани од аспект на сите овие економски состојби, опадна животниот стандард, дојдовме во позиција да една средна класа која има да не речам на граница најнеопходен животен стандард да не може да ги подмирува обврските спрема своите деца, спрема семејството и така натаму и така натаму. Во тој контекст јас предложив заради една рационалност во тој дела да девизните влогови кои треба да се исплаќаат по 100 марки тоа да биде по семејство, а не по штедни книшки ниту по број на вкупни членови. Единствена цел ни беше тоа да го рационализираме, да ги валоризираме луѓето кои ги имаат своите штедни влогови во банките, а во меѓувреме да не ги доведеме во ситуација да по две недели прибираат документација за да докажат дека се многу сиромашни односно се на граница испод 10 иљади денари за да можат да го користат ова право. Моето искуство покажа дека оваа група на граѓани најмногу се застапува. По двајца вработени во образованието, со средно образование по медицинските институции, во управата и да не кажам работниците кои се на граница, имаат плата немаат плата. Кога ќе се соберат нивните материјални приходи се на граница. Нешто повеќе или нешто помалку и тие луѓе практично не можат да земат тие 100 марки кои се од животен витален за самото семејство.

XIV/8.-

Јас само поставувам едно прашање, едно лице кое работи во образовна институција од средно образование, ако се две лица, тие имаат околу 12 до 14 иљади денари плата. Тие практично не можат да извадат 100 марки заради тоа што го надминуваат лимитот од 2 иљади денари. Се прашувам во таа смисла ако тоа семејство има двајца студенти, ако има електрична енергија која што треба да се подмирува од 100 до 150 марки, јас мислам дека е релано да го прифатите овој амандман, а Владата мислам дека може да направи рационализација преку одредени институции која може да направи исклучиво комплетна контрола по семејство. Па, јас како Бранко, можам да отидам во одредена институција , да дадам документација да ги земам тие 100 марки, без да ги малтретирам со другите штедни книшки ниту да барам никаква документација. Тоа некако по инерција секоја година ова го правиме, а тврдам дека семејствата кои имаат потреба за леб, за, брашно и за она најнеопходното веќе тие семејства ги истрошија своите девизни влогови во банките.

Ако се направи една доволна анализа, дури да ми допуштат јас да ја правам таа анализа ќе докажам дека овој амандман има своја реалност. Меѓутоа, лично сум убеден дека Владата не е расположен да прифати амандмани иако ајс сеуште сум пратеник од Сојуз за Македонија, меѓутоа ќе треба некако да се преиначуваме во тој дел.

Јас лично сметам, Владата ако не го прифати овој амандман барем критериумите, материјалните критериуми да ги подигне малку на повисоко ниво за да можат овие граѓани да не се шиканираат и малтретираат да ги земаат тие 100 марки.

Благодарам.

Инаку го повлекувам својот амандман бидејќи расположението го знам какво е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 3-а поднесен од пратениците Вељо Тантаров, Драган Георгиев, Санде Џамбазовски, Алил Џаферовски, Борис Павлов и Славко Котевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Бидејќи овој амандман што е на член 3-а се однесува на член 8 на постојниот закон се внесуваат така да речам нови намени сервисирањето на девизните штедни влогови, јас ќе ги образложам поединечно.

Кога се работи за првата алинеја купување на земјоделско земјиште во сопственост на државата и ние како Влада сме на мислење дека како што беше утврдено и во Законот за трансформација дека може да се купува општествен имот со заробени девизи така ќе може сигурно и да се купува земјиште во сопственост на државата. Тоа ќе го уредиме кога ќе го донесуваме законот со кој што ќе се продава државното земјиште.

Што се однесува за втората алинеја која гласи "плаќање на данок на промет за купено земјоделско земјиште, земјоделска механизација го имаме следното објаснување. И во постојниот член 8 каде што стои план"н>е на данок на промет на недвижности е опфатена и оваа намена за земјоделското земјиште. Кога се купува и продава земјоделско земјиште да се биде ослободен од плаќање на данок на промет односно тој данок на проемт да се плати со заробени девизи така да овој дел од алинејата веќе е содржан во членот 8 .

А вториот дел од алинејата кој зборува за плаќање на данок на промет на земјоделска механизација сме на стојалиште бидејќи досега од данок на промет немаме никакво ослободување сметаме дека овој дел од оваа алинеја не ќе можеме во моментот да ја при- фатиме бидејќи и билансните можности и можностите во Буџетот утврдени за 1997 година каде што стои дека за намените сервисирање на девизното штедно вложување ќе се издвојат 960 милиона, не можеме да прифатиме едно вакво зголемување бидејќи не ќе можеме да го сервисираме и тоа.

На крајот да заклучам, овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Молам, кој бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, меѓу многуте граѓани во нашата држава што имаат заробени дебели заштеди се наоѓаат и многу земјоделци. Во досегашниот период со овој закон оваа категорија на штедачи не можеа да ги користат бенефициите што ги дава овој закон односно ги добиваат одредени средства за разни намени. Со заробени девизи може да се плаќа царина ако се купуваат луксузни коли, да се патува во странство или било што друго. Ние, сега , со внесување на еден нов член во овој закон бараме со заробените девизни средства да се плаќа данокот на промет при купување на земја. Ако може да се плаќа данок на промет за купување на коли, а кога станува збор за купување на едно средства за работа, зошто да не може да се внесе една таква одредба во овој закон.

Зошто да не може со заробени девизи да се плаќаат царинските и други давачки за земјоделска механизација за трактори, комбајни, и

други приклучни машини во земјоделството. Натаму бараме, ако дај боже некогаш да се продава државната земја со заробени девизи да може да се купи убава земја.

Јас се надевам дека пратениците ќе дадат поддршка на овој амандман и тој ќе биде составен дел на законот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Молам, кој бара збор?

**ДРАГАН ЃЕОЃИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со цел да не се повторувам со претходниот дискутант сметам дека овој амандман кој што го предложивме група пратеници треба да биде поддржан, од проста причина што мислам нема да значи бог знае какво оптоварување на Буџетот, бидејќи станува збор за делот од данок на промет кој што ќе треба да се плати со заробени девизи за земјоделска механизација, бидејќи од образложението на заменик министерот излезе дека другиот дел е содржан во законот.

Јас сметам дека ако во претходните амандмани и расправи по буџетот за оној дел со кој беа скратени земјоделците, сметам дека оваа отстапка овде би требало да биде направена, бидејќи состојбата на земјоделските производите и така е многу тешка. А тоа го предлагам и од една друга причина, бидејќи данокот на промет е извор на буџетот на РМ, како што е царината, а додека имаме ослободување од тој основ за царина кај увоз на патнички и други возила од странство, па сметам дека и овој амандман би требало да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Кој е против? (никој)

Кој е воздржан ? (5)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

XV/2.-

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон .

кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласаше? (не)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните влогови на граѓаните во 1993 година 1994, 1995, 1996 година.

Пред да поминеме на 12-та точка знам дека сте уморни, меѓутоа остануваат уште неколку точки. Сакам да ве поканам после завршувањето на седницата во Свечената сала да си честитаме Нова Година, бидејќи е оваа е последна седница во оваа година. Ги молам и другите пратеници кои во моментот не се во салата, да ни се придружат.

Минуваме на точката 12- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

XV/3.-

Собранието го усвојува предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (60 )

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И покрај предизвикот дека после ова ке имаме свечено собирање, мораме професионално да се однесуваме кон работата.

Излегов да укажам на две работи.

Прво, што причините за донесување на овој закон се наведува само терминолошки усогласување, што е точно, меѓутоа, не се укажува што требаше да се укаже дека се донесуваат одредени измени се разбира, зголемување на одредени такси ќе беше добро ако се искажеше финансискиот ефект од ова зголемување на таксите. Не би сакал тука да ги нотирам, и второ, поставувам прашање на кој што ќе мора да се даде одговор дали овие предвидени такси се обврска и во никој случај не смеат да се зголемуваат. Само за ваша информација ќе ве молам сите

да слушнете, бидејќи сите се паркираме со возилата на јавните паркинзи, во овој Закон е предвидено дека тој надомест треба да изнесува само 20 денари. Такво паркирање никаде во државата нема. Спрема тоа дали оној кој што си го прекршува законот и наплатува повеќе ќе биде подлежен на санкции кои што тука не се ставен и имам уште две вакви забелешки во однос на продажба на возила, се мисли веројатно на пазарите на стари автомобили и слично бројките кои што се тука дадени се многу пониски кој што ден денеска во практиката се применуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали некој е против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Молам колку пратеници се присутни во салата?

Имаме кворум за работа.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменува и дополнување на законот за комуналните такси.

Минуваме на <u>точката 13</u> - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на законот за градежно земјиште, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон ви е доставен.

XV/5.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон изменување на законот за градежното земјиште.

Кој е за, молам да крене рака?(59)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Некој не гласал.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон:

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? /не/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за градежното земјиште:

Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.

Пределот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам,кој бара збор?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со примена на Новиот Закон во 1994 година, и новите изменувања и дополнувања во 1995 година, како и со другите мерки превземени од Владата на Република Македонија, како што беше зголемување на стапката на придонесот, зафаќање на дел од акцизите на нафтените деривати и други мерки, се овозможи исплата на пензиите да се врши секој месец и да се исплатат шест дванајстинки од априлската заостаната пензија. И покрај превземените мерки за финансиска консолидација на Фондот и постигнатите одредени движења во оваа област, сеуште постои една усогласеност помеѓу приходите и расходите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Имено, за периодот јануари - септември 1996 година Фондот оствари тековен дефицит во износот од 816 милиони денари, а се предвид фондот да заврши со дефицит и на крајот на 1996 година, како и за 1997 година.

XV/7.-

Со цел да се забрза процесот на елиминирање на тековниот дефицит Владата на Република Македонија и покрај средствата за редовни врски ќе изврши дополнителен трансфер во Фондот во износ од 1 милијарда и 300 денари што всушност е предуслов за обезбедување на ЕСАФ аранжманот за засилено структурно прилагодување.

Со овие средства и со мерките во системот за пензиско и инвалидско осигурување треба да се обезбеди подобрување на финансискиот биланс на Фондот. Поради тоа и се наметна потребата од соодветни измени и дополнувања на постојниот закон за пензиско и инвалидско осигурување.

Покрај ова, причина за донесување на овој Закон и во воведувањето на единствен критериум, т.е. просечна плата во нестопанството во Републиката кај повеќе институти со што ќе се обезбеди приближно едната положба на корисниците на пензија, независно од годината кога го остваруваат правото на пензија.

Со оглед на тоа што во последно време преку средствата за јавно информирање се шпекулираше за разно - разни, божемни содржини на измените на овој закон, дозволете ми накратко да се осврнам конкретно на измените.

Со член 1 се предлага измена на досегашното мерило за пресметување на варолизационите коефициенти и наместо просечната плата на сите вработени на територијата на Републиката, како мерило ќе претставува просечната плата во нестопанството. На овој начин ќе се постигне поголема усогласеност и синхронизираност помеѓу валоризационите коефициенти за пресметување на платите од поранешните години од кои се определува пензиската основа и усогласувањето на пензиите.

Исто така, ќе се спречи создавање на разлики во нивоата на

пензиите остварени во различни периоди.

Што се однесува до член 2, суштината на оваа измена е најнискиот износ на пензија да биде правилно димензиониран во пензиското и инвалидското осигуруваше, како институт заснован врз начелото на социјална праведност и преку кој на одреден начин се обезбедува минимум материјална и социјална сигурност на пензионерите. Меѓутоа, најнискиот износ на пензија кои се гарантира, треба исто така да биде во реален соодност со пензијата определена според стажот и платата.

Досегашните најниски износи на пензија, според проценката на ММФ се нереално димензионирани во однос на реалните можности на Фондот, бидејќи делот на овие износи што се гарантираат кај поголем број корисници на пензија, е поголем од законската пензија, односно пензијата пресметана според стажот и платата.

Како мерило за определување на најнискиот износ и на овие пензии, служи просечната плата во нестопанството во Републиката, со што ке се обезбеди и усогласеност во определувањето и усогласувањето на оваа пензија со законскиот износ.

Повисок минимум на материјална и социјална сигурност, корисниците на пензија, како и другите граѓани, ќе можат да обезбедат според мерилата и критериумите во социјалната заштита.

Со содржината на член 3 се предлага највисоката пензија да се определува од просечната плата во нестопанствотол, на кој начин се обезбедува усогласено функционирање на сите институти што се од влијание врз нивото на пензија, како што се валоризационите коефициенти и тековното усогласување на пензиите.

Со оваа измена, меѓу другото, се обезбедува ист износ на највисока пензија кој се исплатува до денот на почетокот на примената на овој закон.

XV/9.-

Со член 4 се предлага, како критериум за определување на паричниот надоместок, за телесно оштетување да служи просечната плата во нестопанството, заради воспоставување на ист механизам. Со оваа измена всушност, се обезбедува малку поголем надоместок кој се исплатува до денот на почетокот на примената на овој закон.

Вкупните финансиски ефекти од предложените измени и дополнувања само во текот на 1997 година треба да обезбедат цирка 80. милиони денари, а во наредните неколку години се очекува динамиката на подобрување на финансискиот биланс на Фондот, така што во 1998 година според актуарските предвидувања се прогнозира да се постигне избалансираност помеѓу приходите и расходите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, што сметаме дека е должност и обврска кон постојните и идните пензионери за да навремено се исплатуваат пензиите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Кој е за, молам да крене рака? (49 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Молам колку пратеници се присутни во салата?

Во салата се присутни 56 пратеници.

Според тоа, ова гласање не може да биде валидно.

Молам уште еднаш да се достави точен број на присутни пратеници во салата. Повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Имаме кворум во салата и можеме да продолжиме да работиме.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (Нема):

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандман за додавање нов член 4-а по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман за додавање нов член 2-а, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Атанасов поднесе амандман за додавање нов член 4-а, со кој се согласил претставникот на Владата на седницата на Комисијата за труд и социјална политика и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Дами и господа пратеници. Должам едно кратко објаснување на поднесениот амандман кој се состои во следното:

Постои едно основно правило воопшто во секој правен систем, а конкретно во случајот во однос на пензиското осигурување да со еден единствен закон остварувањето на правата по истиот кој се стекнуваат

под исти услови да се подеднакво. Конкретно според еднаквоста и рамноправноста се однесува за нивоата на висините на пензиските примања.

Имаме една фактичка состојба, поради последиците од пореметувањето во економските движења и во врска со тоа пресметувањето на основицата за пензиите, оние корисници на пензии кои имаат остварено правото на пензии и во годините 1995 и 1996 година се во поповолна година во однос на корисниците кои правото го оствариле во претходните години. Се работи за една начелна одредба која заради овие разлики на нивоата, ќе потенцирам, кои се случуваат во рамките на одредбите на еден ист закон, тоа важи и воопшто на корисниците кои под исти услови стекнале право на пензија, за сите видови на пензии се однесува, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да врши усогласување на нивоата на пензиите, без разлика во кој период се остварило правото на пензија. Мислам дека се работи за една одредба која, имам сознание дека била присутна во одредбите на законот во претходните негови содржини. Не се работи за некои моментални потреби од материјално финансиски средства кои би ја негирале целта на овој закон за една рестриктивност, за избалансирање на приходите и расходите на Фондот, туку чисто како едно овозможување на Фондот во вакви случаи кога навистина има неоправданост. Еве земете ги реагирањата на просветните работници, а тоа важи и за другите структури на корисници на пензии, кои подеднакво плаќале ист број на години износи од пензиско осигурување, во случајов за разликата на временскиот период на стекнување на пензија земаат различни нивоа на износи на пензија. Се работи за износи од 1000 до 1500 денари. Во тој правец, во смисла на исправање на оваа неправда и како законодавен дом до вас апелирам како пратеници овој амандман да го усвоите.

XVI/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, сакам на овој амандман да му посветиме внимание иако сме на крај на нашето стрпление. Меѓутоа, кај нас, пред се во лесната индустрија и земјоделието имаме плати испод граница 65%, што се плаќаат придонеси за пензиско инвалидско осигурување од просекот на стопанството. Реков ние во Републиката имаме повеќе гранки и работници кои имаат помали плати од тој просек. Затоа сакам да кажам дека доста од претпријатијата плаќаат изработени пари за пензиско и инвалидско осигурување.

Ќе бидам практичен. Сите работници кои заработуваат помалку од тој просек, ако заработуваат, да речеме не 5.612, колку е тоа 65%, туку заработува 4.000, како што е во текстилната индустрија, мора да плаќа придонеси на 5.612 денари. Значи овие текстилни работници кои просечно заработуваат да речеме 4.000, а пола се под просекот, значи ако заработи 3.000 мора да плати скоро на дупло од придонеси. Со тоа мислам дека плаќа пари кои не ги заработил и затоа овие претпријатија

се наоѓаат во многу тешка ситуација. Мислам дека ќе бидеме виновни и ние како пратеници ако не го сфатиме тоа добронамерно, бидејќи организациите се толку исцрпени, овие од земјоделие, од текстилот, веќе со месеци а и со години не можат да плаќаат свои придонеси, а се разбира не може да ги плаќаат ако не ги заработиле. Затоа мислам дека ние како Собрание треба да го разбереме тоа и не можеме да бараме од некого да плати тоа што не го заработил. Пензиско и инвалидско, веројатно и во светот е така, треба да се заработи и од заработеното да се стави во долапче и од таму да се користи. Ако не ставиме некаде после веројатно и не можеме да го користиме. Од каде на нас ни е правото, да речам и на Владата или било кој да бараме од некого тоа што не го заработил да го даде. За тоа ние во Службен весник ги објавуваме резултатите на просеците на гранките секој месец. Значи од тој просек треба да се смета 65% за пензиско и инвалидско осигурување, според амандманот, а не од просекот на стопанството. Тие пари ги немаат и затоа многу организации ќе одат во стечај. Зошто не ги блокирате, да речеме организации кои не заработиле просек. Блокирајте ги и после 60 дена ликвидирајте ги па да ви дојдат на социјално после сите, а такви се десетици илјади вработени. Направете го тоа па ќе ни ги скратите маките. Инаку тие работници не може да идат надвор а не може ниту да се трпат во организацијата, бидејќи не го заработуваат тоа, а вие сакате да дојде тоа во Фондот. Значи тоа е нонсенс. Тоа е неможно да дојде, а вие сакате да дојде во Фондот. Тоа не може да дојде, бидејќи не е изработено, а штом не е изработено не може да дојде и н може некогаш некој да го користи. Мора да го сфатиме тоа дека тоа е неостварлива работа. Јас баш би сакал да го слушнам образложението како може тоа да се реализира. Затоа јас го поднесувам амандманот во тој стои 65% од гранката. Има пазарни услови во Македонија и во светот,

ќе се одреди некој просек. 65% од тоа е најниската основица на која треба да се плаќаат придонеси и ќе си платат сите. Тие што ќе заработат повеќе ќе си платат на повеќе, меѓутоа никој не може да плати помалку од 65% на гранката. Зошто ги ставаме сите во иста состојба, односно со тоа ние правиме добрите работници да не работат, а слабите работници доаѓаат во фирмата да се шетаат и да обезбедат пензиско инвалидско осигурување. Ќе се шета до фабриката, ќе се врати од фабриката, ќе му платиш на 6.512 придонеси и ќе си биде задоволен, а ќе заработи 1.000 денари за фирмата а за него ќе заработи добри придонеси а со тоа ние создаваме непродуктивни работници. Тоа нигде не не води. Добрите работници се разочарани од таквата работа бидејќи они од своето работење треба да жртвуваат за да обезбедат средства за лошите работници, да им обезбедат придонеси. За мене таа работа е неразбирлива. Фирмите се повеќе заостануваат во плаќањето на пензиско и инвалидско осигурување. Мислам ако не го прифатиме амандманот ќе бидеме виновни за многу организации кои ќе одат под стечај во наредната година.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ние се обидовме преку излагањето и преку се она што беше изнесено да објасниме дека основна причина зошто се преземаат овие мерки околу измените на Законот се да се надмине дефицитот кој фондот го искажува при исплатата на пензиите.

Измената која се предлага, претворено во номинален износ односно во денарска противвредност, значи, дополнителен дефицит на фондот годишно за 840 милиони денари, што значи сума колку што сега фондот искажува во текот на една година. Тоа е едно.

Второ, надминувањето на дефицитот може да се постигне единствено кај најниската пензија односно минималните пензии каде

што законската пензија односно пензијата која што може да се остварува согласно придонесот исплатен од плата и стажот, не е доволен односно не гарантира минимална пензија која државата ја исплаќа. Според тие законски критериуми минималната пензија би изнесувала околу 2 илјади денари, а државата исплаќа пензија во висина од 3.900 денари што значи дополнителни средства од буџетот се издвојуваат за секоја минимална пензија која ја гарантира државата, за околу 1900 односно 2000 денари. Не е веќе во состојба Буџетот дополнително овој товар да го издржи. Од тие причини токму измените се во овој дел. Евентуалното прифаќање на амандманот, реков, би значело дополнително оптоварување на Буџетот, а со тоа непосредно и на стопанството за околу 800 милиони денари.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Јас се согласувам ако зборуваме ние како потрошувачи на фондот. Кога зборуваме како потрошувачи, како корисници на фондот во право сте. Меѓутоа, фондот треба да обезбеди средства и како производители ставете се во таа ситуација и одговорете на амандманот Јас не видов причини зошто, а ако нема пензија на тоа што ние сакаме нема. Тоа толку колку што сме заработиле за пензија, толку ќе земеме Ќе го направиме законот да биде таков колку ставиме во тоа долапче за пензија, кога отидеме во пензија толку ќе земеме. Не можеме ние да земеме толку колку што сакаме . Можеме да го направиме тоа толку сакаме, меѓутоа, немаме. Ние треба да се задолжиме или пак тие работници кои не можат да обезбедат за таква пензија да идат пак кај вас на користење на социјална заштита. Така да јас зборувам како организации, како стопанство, како извори на приходи во пензиско инвалидско.

XVII/1 ПЈ/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Како принцип убаво е ова што пратеникот го вели да го прифатиме, меѓутоа, тоа во пракса би значело да не гарантира државата минимална пензија и да се губи со делот на социјалниот карактер на пензиите. Тогаш да се исплатуваат пензии само врз основа на она што е законско решение врз основа на придонесот да се исплатува и стажот.

Ние имаме толку реакции заради измените при намалување од прилика околу 15% на овие пензии, а замислете да го укинеме до крај минималната пензија, дури тогаш што би се случило.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, да бидеме малку трпеливи, носиме една одлука многу чувствителна, која што може да ни ја загорча и новата година и она тек што доаѓа после новата година. Многу е лесно да донесуваме одлука тука, многу е лесно да кажеме бројка од 15% треба да намалиме, ќе се намалат пензиите најниски . Ние треба да ја кажеме вистината, но не денеска. Јас очекував дека денеска ќе бидеме рационални и ќе речеме дека има потреба од донесување на овој закон, но ќе оди во две фази. Да се подготвиме, да бидеме подготвени, Вака како што е ние вечерва ќе го направиме, верувајте, треба да очекуваме жестоки реакции и со право. Основата е дека треба да кажеме дека не го уплаќаме овој фонд ниту редовно, ниту во полн износ. Тоа е вистината, но не е денот, ниту е моментот , ниту е часот за тоа да го кажеме. Ќе ве молам, ова е сериозно

прашање, дами и господа не се вознемирувајте, донесуваме одлука за намалување на пензии. Јас ви кажувам дека ова е многу чувствителна одлука. Не е едноставна. Ќе беше по мудро и поубаво од нас ако одеше во две фази. Ние, прво, создадовме една атмосфера една тензија дека од нова година ќе имаме многу неповолни услови за пензионирање, па за потоа речеме дека не ќе биде така, не е толку страшно, одете во пензија но сега правиме нешто друго. Приближно на тоа што е. Одлуката не е така едноставна . Министерството треба да се потруди како да ги алиментира сите овие кои што треба да го пополнат тој фонд. А не постојано да се бори со секојдневен дефицит во тој фонд. Некому е чудно како се алиментира. Фондот го алиментираме сите, господо, што произведуваме. Без стопанство ние ќе се вратиме на почетокот. Ние лесно поминавме денеска овде со многу одлуки. Со одбивање на сите амандмани што значат поттикнување на стопанството. Без стопанство, без земјоделство ниту фондови ниту за социјала, ниту за пензионото се друго. Ќе се вратиме ние на почетокот и ќе мораме да имаме една сериозна седница на тој план во почетокот на идната година. Ова се многу чувствителни прашања јас ви кажувам. 15% се најниски пензии, не викаме дека тоа не е многу, не знам.

Колегата Мирко Пецов дава убав предлог. Не треба да се спојува на принцип на солидарност и дефицит на фондот во она што значи стварни примања во државата. Па, дали не сака некој да нема повисоки примања во организацијата во која работи. во онаа во која што произведува таму каде што трудот е мерлив, дами и господа. Се друго е немерливо, вклучувајќи ја и нашата работа. Ние во последните 60 дена работиме само 16 саати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека не е коректно од една страна да се залагаме да не се намалуваат пензиите, од друга страна да се залагаме да се укине принципот на солидарност. Ако ние навистина сакаме да имаме пензии врз основа на плата и врз основа на стаж, тогаш немаме гарантирани пензии. Тогаш тој принцип се руши односно да признаваме дека од вечерва ќе ги намалиме автоматски пензиите наредните од 4.000 на 2.000. Ако тоа го сакате, кажете го јавно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не реков да се наруши принципот на солидарност, не реков ниту пензиите да бидат 2.000 денари кога социјална помош е 3.600 денари реков дека фондот треба да се алиментира редовно и во износот што е предвиден. Има огромна разлика ова што го велам и вие г-дине министре што го тврдите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(56 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (1 пратеник е против)

Кој се воздржува од гласање (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

XVII/4

Минуваме на точка 15, Предлог за донесување на закон за гаранција на РМ по Договорот за заем за реализација на проектот за дистрибуција на гас во Скопје од Европската банка за обнова и развој, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на РМ по Договорот за заем за реализација на проектот за дистрибуција на гас во Скопје од Европската банка за обнова и развој.

Кој е за молам да крене рака? (60 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (еден пратеник)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник гласаа за)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

За збор се јави г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, колеги и пратеници, ние денеска донесуваме закон за ново задолжување доста високо околу 50 милиони Швајцарски франци за секундарна ниску притисни и средно притисна гасна мрежа во градот Скопје. Ние долго време прашањето на гасоводот во Македонија го поттурнуваме настрана, а јас поставив и пратеничко прашање на една од последните седници на кое што добив одговор дека магистралниот гасовод, значи индустрискиот гасовод во Републикава ќе биде ставен во функција некаде во ноември или декември оваа година. Измина цела година, гасоводот не е ставен во функција не е потечен ниту еден литар гас или нормален $м^3$, тоа се мерки за гас, воопшто не добивме информација ниту како пратеници, ниту како јавност што станува со таа капитална инвестиција, вечерва ќе донесеме одлука за ново задолжување. Ќе биде покоректно ако овој закон одеше во две фази.

Едната фаза наша подготовка дека еден таков кредит треба да биде повлечен.

Втората фаза кога ние ќе добиевме барем минимум информации дали ние воопшто во оваа држава ќе експлоатираме гас во кој се вложени огромни средства. Јавното претпријатие ГАМА треба понатаму треба да биде стопан на ова претпријатие и да располага со нов капитал во износ што го кажав. Ни малку едноставно.

Во текстот се вели дека гасоводот ќе биде, оваа инвестиција ќе биде плаќана од профитот што ќе го остваруваат приходите. Воопшто гасот не е дојден во оваа држава, знаеме дека има и одредени проблем: кои што никој не ни ги објаснува, а сега ние се задолжуваме однапред и сигурни сме дека ќе имаме профит. Ќе сметам за многу несериозно една ваква крупна инвестиција, едно вакво крупно задолжување да го

направиме во еден ваков несоодветен временски период, не пред новогодишните празници, туку несоодветен поради тоа што практично во. овој момент нас не ни е позната, дами и господо, ќе употребам еден тежок збор за судбината на гасоводот и неговата експлоатација. Гасоводот кој што требаше да ја снабдува индустријата во Скопје, Кратово Крива Паланка, а за да потоа можеме да донесеме овде опстојна и темелна одлука за ново задолжување за понатамошна секундарна мрежа. Оставам на вас да размислите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека не е вред ние денеска да не бидеме удостоени по однос на оваа точка воопшто да не бидеме информирани барем во неколку реченици од претставник на Министерството за стопанство, финансии, развој и тн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани за менување на насловот на Предлогот на законот и на чалне 5 став 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Предлогот на законот поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака? (58 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (двајца пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на РМ по договорот за заем за реализација на проектот за дистрибуција на гас во Скопје од Европската банка за обнова и развој.

Минуваме на точка 16, Предлог за донесување на закон за ратификација на Хашкиот договор за меѓународно пријавување на мостри и модели и Хашки акт и дополнителниот акт од Стокхолм, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за ратификација на Хашкиот договор за меѓународно пријавување на мостри и модели Хашки акт и дополнителниот акт од Стокхолм.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Молам, колку пратеници има во салата да се избројат.

58 пратеници се присутни во салата и не може да биде валидно ова гласање.

(во салата пристигнаа преостанатите пратеници)

Уште еднаш Предлог заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 по кој Владата не с произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

XVII/9

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот по предлогот на законот Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (64 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Хашкиот договор за меѓународно пријавување на мостри и модели Хашки акт и дополнителниот акт од Стокхолм.

Минуваме на точка 17, Предлог на одлука за целите и задач на монетарната политика во 1997 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за целите и задачите на монетарната политика во 1997 година.

Минуваме на точка 18, Предлог на одлука за девизната политика и проекција на платниот биланс на РМ за 1997 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

ЗПК поднесе амандман на основа за донесување на одлуката и за внесување на текстот по точка 8 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на основот за донесување на одлуката поднесен од ЗПК.

Го молам претставениот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Се прифаќа амандманот

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за внесување на текст по точката 8 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, и овој амандман се прифаќа.

XVIII/1 JM/НД

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог< на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 199 7 година.

Минуваме на точката 19 - Предлог на автентично толкување на член 13 од Законот за Град Скопје, ("Службен весник на Република Македонија" број 49/96).

Предлогот на автентичното толкување е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на автентичното толкување.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(66)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе автентичното толкување на член 13 од Законот за град Скопје, ("Службен весник на Република Македонија" број 49/96).

Минуваме на <u>точката 20</u> - <u>Предлог за автентично толкував»е на член 70 од Законот за банки и штедилници ("Службен весник на Република Македонија" број 29/96) пречистен текст.</u>

Предлогот на автентичното толкување Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на автентичното толкување.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(65)

Дали- има некој против? (Никој )

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе автентичното толкување на член 70 од Законот за банки и штедилници ("Службен весник на Република Македонија" број 29/96) пречистен текст.

Минуваме на <u>точка 21</u> - <u>Барање за давање автентично толкување на член 19 од Законот за град Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 49/96) поднесен од Собранието на Град Скопје.</u>

Барањето и извештаите на Законодавно- п равната комисија Ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието констатира дека барањето за давање автентично толкување на членот 19 од Законот за град Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 49/96)поднесен од Собранието на град Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Второ, овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на РМ да се достави до Советот на Град Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (63)

Дали некој има против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 22 - Барање за давање автентично толкување на членовите 29 став 1 точка 13; 30, 39, 40 и 41 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95) поднесен од Собранието на Град Скопје.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собрнието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието констатира дека барањето за давање автентично толкување на членовите 29 став 1 точка 13, 30, 39, 40 и 41 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95), поднесено од Собранието на Град Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овие членови од причините

содржани во извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Второ, овој заклучок заедно со извештаите на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Советот на град Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (64)

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 23 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Минуваме на точката 24 - Предлог за разрешување на јавниот правобранител на Република Македонија.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го разреши Јорго Хаџи Стерјо од функцијата јавен правобранител на Република Македонија, поради исполнување услови за старосна пензија.

На господинот Јорго Хаџи Стерјо му благодарам за досегашната соработка и вршењето на неговата одговорна функција и му посакувам безгрижни пензионерски денови.

Минуваме на точката 25 - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе во Кинотеката на Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе во Кинотеката на Македонија.

Минуваме на точката 26 - Предлог на одлука за именување члено! на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Стоматолошкиот факултет - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именуваше членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Стоматолошкиот факултет - Скопје.

Минуваме на точката 27 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на 003Т Институт за белодробни заболувања кај децата во состаав на Здравствената работна организација - Градска општа болница "Моша Пијаде" - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на 003Т Институт за белодробни заболувања кај децата во состав на Здравствената работна организација - Градска болница "Моша Пијаде" - Скопје.

XVIII/7

Минуваме на <u>точката  28</u> - <u>Предлог на одлука за избор на член на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Кочани.</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на член на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Кочани.

Минуваме на <u>точката 29</u> - <u>Предлог за разрешување на Јавниот правобранител на општините Прилеп и Крушево</u>.

Предлогот  Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го разреши Владимир Тренкоски, од функцијата јавен правобранител на општините Прилеп и Крушево, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Му благодарам на господин Тренкоски, за одговорното вршење на функцијата и му посакувам безгрижен живот и долги пензионерски денови

Минуваме на <u>точката  30</u> - <u>Предлог за разрешување на заменик на вишиот јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола.</u>

Предлогот  Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го разреши Никола Стефановски од функцијата заменик на Вишиот јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола.

Минуваме на <u>точката 31</u> - <u>Предлог на одлука за давање на согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар Дебар.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар Дебар.

Минуваме на точката 32 - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште Негорски Бањи - Гевгелија.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште Негорски Бањи - Гевгелија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници, ја користам оваа прилика на пратениците и на граѓаните од Република Македонија со католичка вероисповест да им го честитам големиот празник Божиќ..

Вас Ве поканувам заеднички да си ја честитаме Новата Година.

(Седницата заврши во 19,20 часот)